реони (исток, запад, север, југ и центар), а секој реон е поделен на соодветен број на четврти. Во рамките на четвртите се формираат помали просторни целини односно Блокови. Помалите организациони целини (Блокови) воедно претставуваат и единици за изготвување на Детални Урбанистички планови. Доколку четвртта е со површина помала од 30 ха. нема поделба на блокови туку се пристапува кон изготвување на Детален урбанистички план на целата четврт. Деталните планови се изготвуваат врз основа на Регулациски план за четврт каде четвртта се дели на блокови или **врз основа на поделбата дадена во овој ГУП со кој се дефинирани опдати на Детални урбанистички планови**, при што истите претставуваат логички целини и се дефинирани со осовини на улици од понизок ранг (сервисни, станбени, индустриски, пристапни) или природни граници (реки).



Шема на организација на Штип по урбани четврти

Наменска зона е ограничена површина на градежно земјиште со иста наменска употреба на земјиштето.

Иста наменска употреба на земјиштето зоната има кога е составена од:

- една иста намена при што зоната е хомогена,
- слични и историодни намени чијашто меѓусебна компатибилност овоз- можува релативна наменска хомогенизација,
- различни, но компатибилни намени при што едната е преовладувачка, односно повеќе застапена и станува именител на зоната, и
- различни, но компатибилни намени без преовладувачка застапеност ниту на една од нив, при што мешањето на повеќе намени на ист простор станува основна карактеристика и именител на зоната (зона на мешана намена).

Во рамките на наменската зона со урбанистички план се утврдуваат исти општи услови за градење и режим на користење на земјиштето. Границата на наменската зона се уредува како планска одредба во генерален урбанистички план.

3.2. КЛАСИ НАНАМЕНИ

Уредувањето на намената на земјиштето се врши со системот на класи на намени. **Системот на класи на намени** е инструмент на урбанистичкото планирање со кој се врши класификација на дејностите и активностите во рамките на планските опфати на урбанистичките планови, обележување на постојните намени и одредување на планираните намени на земјиштето. Под **намена** се подразбира начинот на уредувањето, изградбата и употребата на градежното земјиште и на градбите согласно дејностите и активностите што се вршат и одвиваат во нив. Системот на класи на намени е составен од поединечни намени, класи на намени и групи на класи на намени, при што сродни намени со заеднички функционални и просторни карактеристики се групираат во класи на намени, а сродни класи на намени се групираат во група на класи на намени. **Класите на намени** се формираат врз основа на заеднички физички карактеристики на просторите и градбите во кои дејностите и активностите се одвиваат како и просторните реперкусии од нивното градење и употреба. Класата на намени се обележува со име, голема буква од кирилското писмо кое ја означува групата класи на намени на која и припаѓа и со арапска цифра, додека групата класи на намени се обележува со име и со голема буква од кирилското писмо.

Системот на класи на намени е составен од шест групи на класи на намени:

А Домување
Б Комерцијални и деловни намени
В Јавни институции
Г Производство, дистрибуција и сервиси
Д Зеленило и рекреација
Е Инфраструктура

Групите на класи на намени се составени од следните класи на намени:

- А Домување
А0 домување во станбени куќи со посебен режим
А1 домување во станбени куќи
А2 домување во станбени згради
А3 групно домување
А4 времено сместување

- Б Комерцијални и деловни намени

Б1 мали комерцијални и деловни намени
Б2 големи трговски единици
Б3 големи угостителски единици
Б4 деловни простори
Б5 хотелски комплекси
Б6 градби за собири

- В Јавни институции

В1 образование
В2 здравство и социјална заштита
В3 култура
В4 државни институции
В5 верски институции

- Г Производство, дистрибуција и сервиси

Г1 тешка и загадувачка индустрија
Г2 лесна и незагадувачка индустрија
Г3 сервиси
Г4 стоваришта

- Д Зеленило и рекреација

Д1 парковско зеленило
Д2 заштитно зеленило
Д3 спорт и рекреација
Д4 меморијални простори

- Е инфраструктура

Е1 комунална инфраструктура
Е2 комунална супраструктура
Е3 некомпатибилна инфраструктура

Класите на намени се составени од следните поединечни намени:

А ДОМУВАЊЕ

- АО домување во станбени куќи со посебен режим на користење и заштита ги опфаќа сите видови станбени куќи со висок стандард за кои минималната површина на градежната парцела изнесува 500 м^2.

- **А1 семејно домување во станбени куќи** ги опфаќа сите видови станбени куќи со дворови: самостојни, двокуќи, куќи во низови, атриумски куќи, како градби со максимум три станбени единици.

- **А2 семејно домување во станбени згради** ги опфаќа сите видови семејно домување во повеќеетажни станбени згради со повеќе од три станови, комуникациски вертикали и големи густини на населеност, во блоковски низи, самостоечки и други.

- **А3 групно домување** ги опфаќа сите видови домување во кои станарите дел од своите потреби - најчесто исхраната, ги задоволуваат во заеднички простории, како што се домови за престој на ученици, студенти, стари лица, самци, деца без родители, незгрижени лица и др.

- **А4 времено сместување** во кое спаѓаат сите видови хотели, пансиони, преноќишта и слични видови градби, освен големи хотелски комплекси со повеќе придружни намени.

Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

- **Б1 мали комерцијални и деловни дејности** во кои спаѓаат и услужни и угостителски дејности кои се изведуваат во дуќани со или без витрини и имаат директен контакт со јавни пешачки површини како што се продажба, продажба и излагање, поправка на лични предмети, храна, предмети за домаќинство, ресторани, кафулиња, слаткарници, банки, пошти, интелектуални услуги, адвокатски и поштарски канцеларии, аптеки, мали ординации, салони, козметички студија и др.

- **Б2 големи трговски единици** во кои спаѓаат сите видови трговија на мало која се остварува во самостојни објекти или во значителни делови од објектите како што се трговски центри, стоковни куќи, големи специјализирани продавници, супермаркети, затворени пазари и пазари на отворено.

- **Б3 големи угостителски единици** во кои спаѓаат сите видови угостителски дејности кои се вршат во самостојни градби или во значителни делови од градбите како што се ресторани, таверни, ноќни клубови, казина и дискотеки.

- **Б4 деловни дејности** кои се одвиваат во големи канцелариски простори од трговски друштва, акционерски друштва, управни згради, професионални и финансиски сервиси и др.

- **Б5 хотелски комплекси** сите видови хотели и хотелски комплекси кои имаат различни содржини од услужен карактер.

- **Б6 простори за собири** во кои спаѓаат сите видови градби со трибини за гледачи како што се стадиони, спортски, конгресни и повеќенаменски сали, саеми и сл.

В ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

- **В1 образование и наука** во кои спаѓаат сите видови, основно, средно и високо образование, континуирано и дополнително образование, како и сите видови научни институции.

- **В2 здравствени и социјални институции** со сите видови клиники, амбуланти, клинички центри, болници, здравствени домови, лечилишта и др, како и сите видови на социјални установи и детски градинки.

- **В3 култура** со сите видови дејности кои се одвиваат во специјални градби како што се театри, киносали, музеи, галерии, кинотеки, домови на културата, филхармонии, опери и др.

- **В4 државни институции** во кои спаѓаат сите органи на извршната, судската и законодавната власт, државни институции, заводи, агенции и дирекции,дипломатски претставништва како и органи на локалната самоуправа.

- **В5 верски институции** во кои спаѓаат цркви, џамии, синагоги, манастири, текија и др.

Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

- **Г1 тешка и загадувачка индустрија** во која спаѓаат сите видови индустриски погони кои имаат големи енергетски барања, голем промет на суровини и материјали, создаваат голем обем на сообраќај и создаваат отпад и штетни еманации.

- **Г2 лесна и незагадувачка индустрија** во која влегуваат сите видови производство кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и не произведуваат штетни еманации.

- **Г3 сервиси** за одржување и поправка на опрема и индустриски производи како што се сервиси за автомобили и други возила, машини, алати и инструменти, хемиско чистење и др.

- **Г4 стоваришта** во кои спаѓаат сите видови стоваришта за складирање на стока на отворен или затворен простор, во специјални услови за чување, отпади, автопазари и др.

Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

- **Д1 парковско зеленило** во кое спаѓаат сите видови површини со садено зеленило и уреден пејсаж како паркови, паркови-шуми, градини, ботанички бавчи, фитории и др.

- **Д2 заштитно зеленило** во кое спаѓаат уредени зелени површини чија основна намена е да ги изолираат зоните со инкомпатибилни намени и имаат улога на тампон зони.

- **Д3 спорт и рекреација** во кои спаѓаат сите видови активности за спорт, рекреација или забава на отворено или затворено како спортско - рекреативни сали и базени за пливање без трибини, рекреативни езера, забавни паркови, тематски паркови, зоолошки градини и сл.

- **Д4 меморијални простори** во кои спаѓаат: меморијален парк, спомен парк, верски објект со гробишта, гробишта и сл.

Е ИНФРАСТРУКТУРА

- **Е1 комунална инфраструктура** во кои спаѓаат: сообраќајна, водоводна, канализациона, енергетска и телекомуникациска инфраструктура и сл.

- **Е2 комунална супраструктура** во која спаѓаат градбите на комуналната инфраструктура како: терминали од секаков вид, аеродроми, гранични премини, катни гаражи, бензински пумпни станици, мерни станици, трафостаници до 20 К\А/, резервоари за вода, противпожарни домови и сл.

- **Е3 некомпатибилна инфраструктура** во која спаѓаат: депонии, пречистителни станици, резервоари за деривати со капацитет над 200 тони, трафостаници над 20 К\Л/, главни мерно - регулациони станици и сл.

Системот на класи на намени се употребува во генерален урбанистички план во функција на флексибилноста која треба да биде вградена во планот при одредувањето на намената на земјиштето.


Најголема флексибилност обезбедува одредувањето на намената до нивото на група на класи на намени. Средна флексибилност на генерален урбанистички план се обезбедува со употребата на класи на намени, а најголема ригидност се постигнува со одредување на конкретни сингуларни намени.

Намената на земјиштето во генерален урбанистички план се одредува со употреба на наменски зони кои се хомогенизираат врз основа на една група на класи на намени, врз основа на една класа на намени или со употреба на зони со мешани намени каде што зоната ја формираат две или повеќе компатибилни класи на намени или групи на класи на намени. Поединечната намена се употребува во генерален урбанистички план со симбол за поединечна намена кога е неопходно да се заштити функција од јавен интерес утврден со закон или градба од значење за републиката која треба да се лоцира во зона со друга намена.

Заради флексибилност на планот, во урбанистичките планови од став 1 од овој член при одредување на намената на земјиштето како планска одредба со алтернативи може да се употребуваат две или повеќе меѓусебе компатибилни класи на намени во рамките на наменската зона одредена со план од повисоко ниво. Под компатибилни класи на намени се подразбираат две или повеќе класи на намени кои можат да егзистираат во иста наменска зона, блок или градежна парцела без притоа меѓусебно да го нарушуваат функционирањето. егзистирањето и вредноста на земјиштето и градбите и да не го надминува максимално дозволениот процент на учество даден во табела 2 која е составен дел на овој правилник.

3.3. СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Интерната градска улична мрежа треба да се спои со екстерната патна мрежа во Република Македонија како што е прикажано во графичките прилози.



Поврзување на градската улична мрежа со државните патишта на

Република Македонија

При изготвувањето на Генерален урбанистички план за град Штип, во сообраќаен смисол како појдовна основа е земена анализата на

сообраќјното решение од ГУП ШТИП 1999. При тоа се анализирани про кои настануваат при реализација наГупот а се поврзани со сообраќајот.

Од сообраќајната анализа произлезе потребата за редуцирање на примарната улична мрежа со нејзина прекатегоризација во поедини делови особено во центарот на градот и отварање на алтернативни сообраќајници во просторите каде постои неизградено земјиште.#

Напречни профили

Регулациската ширина на планираната уличната мрежа преставува збир на сообраќајни површини составени од: активен коловоз наменет за динамички сообраќај, пешачки и велосипедски патеки, средно разделно зеленило, странично заштитно зеленило, канавки, риголи и тн.

За димензионирање на вкупниот профил на уличната мрежа се применувани постојните законски и други прописи, како и важечките стандарди. Основен критериум за димензионирање на активниот сообраќаен профил е потребниот број на сообраќајни ленти, чии вкупен капацитет треба да биде еднаков или поголем од очекуваниот часовен сообраќаен волумен.

От тука произлезе и следната табела со уличната мрежа на примарни сообраќајници:

Р.бр.	Тип на улица	Име на улица	од Јазол	Z	до Јазол	Z	Должина	Нивел.
	Транзитна магистрала	СТРУМИЦА - ШТИП А4 (М6)	А.01	260	А.02	260	88,53	0,00%
	Транзитна магистрала	СТРУМИЦА - ШТИП А4 (М6)	А.02	260	А.03	270	2676,26	0,37%
	Транзитна магистрала	СТРУМИЦА - ШТИП А4 (М6)	А.03	270	А.04	291	976,03	2,15%
	Транзитна магистрала	СТРУМИЦА - ШТИП А4 (М6)	А.04	291	А.05	303	1007,49	1,19%
	Транзитна магистрала	СТРУМИЦА - ШТИП А4 (М6)	А.05	303	А.06	302	1234,11	-0,08%
	Транзитна магистрала	ШТИП - КОЧАНИ А3	А.06	302	А.07	280	866,17	-2,54%
	Транзитна магистрала	ШТИП - КОЧАНИ А4	А.07	280	А.08	288	1431,59	0,56%
	Транзитна магистрала	ШТИП - КОЧАНИ А5	А.08	288	А.09	287	342,02	-0,29%
	Градска магистрала	ПАТ 4км 526 - ШТИП	А.02	260	Б.13	277	2617,11	0,65%

	Градска магистрала	НОВОПРОЕКТИРАНА ГРАДСКА МАГИСТРАЛА 1	Б.13	277	Б.12	281	1146,98	0,35%
	Градска магистрала	НОВОПРОЕКТИРАНА ГРАДСКА МАГИСТРАЛА 2	Б.12	281	Б.11	323	751,97	5,59%
	Градска магистрала	НОВОПРОЕКТИРАНА ГРАДСКА МАГИСТРАЛА 3	Б.11	323	Б.10	322	372,87	-0,27%
	Градска магистрала	НОВОПРОЕКТИРАНА ГРАДСКА МАГИСТРАЛА 4	Б.10	322	Б.02	305	711,25	-2,39%
	Градска магистрала	ШТИП - КОЧАНИ	Б.02	305	Б.09	272	1311,24	-2,52%
	Градска магистрала	ШТИП - КОЧАНИ	Б.09	272	А.08	288	1531,42	1,04%

	Собирна улица	Новопроектирана собирна улица 6	А.03	264	Б.12	281	859,89	1,98%
	Собирна улица	Новопроектирана собирна улица 6	Б.12	281	В.02	294	265,08	4,90%
	Собирна улица	Новопроектирана собирна улица 6	В.02	294	В.04	293	475,25	-0,21%

	Собирна улица	Улица Вељко Влаховиќ	А.04	285	Б.11	323	979,46	3,88%
	Градска магистрала	Улица Вељко Влаховиќ	Б.11	323	Б.14	334	386,60	2,85%
	Градска магистрала	Улица Вељко Влаховиќ	Б.14	334	А.03А	306	737,00	-3,80%
	Градска магистрала	Улица Вељко Влаховиќ	Б.03А	306	Б.03	306	8,72	0,00%
	Градска магистрала	Улица Гоце Делчев	Б.03	306	Б.04	278	1128,84	-2,48%

	Собирна улица	Новопроектирана собирна улица 5	А.05	297	В.01	312	543,52	2,76%
	Собирна улица	Новопроектирана собирна улица 5	В.01	312	Б.10	322	688,77	1,45%
	Собирна улица	Новопроектирана собирна улица 5	Б.10	322	Б.14	334	364,23	3,29%
	Собирна улица	Новопроектирана собирна улица 5	Б.14	334	В.02	294	1028,86	-3,89%

	Собирна улица	Новопроектирана собирна улица 4	В.01	312	Б.01	301	843,93	-1,30%

	Градска магистрала	Улица Гоце Делчев	А.06	296	Б.01	301	1116,79	0,45%

	Градска магистрала	Улица Гоце Делчев	Б.01	301	Б.02	305	550,69	0,73%
	Градска магистрала	Улица Гоце Делчев	Б.02	305	Б.03	306	751,85	0,13%
	Собирна улица	Улица Гоце Делчев	Б.03	306	В.22	273	629,13	-5,25%
	Собирна улица	Улица Гоце Делчев	В.22	273	В.21	282	481,61	1,87%

	Собирна улица	Новопроектирана собирна улица 3	А.07	274	Б.09	272	1466,29	-0,14%
	Собирна улица	Новопроектирана собирна улица 3	Б.09	272	Б.06	291	1282,23	1,48%

	Собирна улица	Новопроектирана собирна улица 1	Б.13	277	В.15	365	4058,40	2,17%

	Собирна улица	Улица Рибник	Б.13	277	В.03	272	379,61	-1,32%
	Собирна улица	Улица Димитар Влахов	В.03	272	В.04	293	538,65	3,90%
	Собирна улица	Улица Димитар Влахов	В.04	293	В.05	279	879,75	-1,59%
	Собирна улица	Улица Димитар Влахов	В.05	279	В.06	283	292,48	1,37%
	Собирна улица	Кеј Маршал Тито	В.07	298	В.08	301	160,61	1,87%
	Собирна улица	Кеј Маршал Тито	В.08	301	В.09	263,76	517,18	-7,20%

	Собирна улица	мост	В.05	279	В.14	279	64,12	0,00%
	Собирна улица	мост	В.06	283	В.13	283	41,89	0,00%
	Собирна улица	мост	В.07	298	В.12	298	48,53	0,00%
	Собирна улица	мост	В.08	301	В.11	301	44,61	0,00%

	Собирна улица	Улица Васил Главинов	В.14	279	В.13	283	295,24	1,35%
	Собирна улица	Улица Генерал Михајло Апостолски	В.12	298	В.11	301	162,84	1,84%
	Собирна улица	Улица Генерал Михајло Апостолски	В.11	301	В.10	263,76	535,89	-6,95%

	Собирна улица	Улица Сремски Фронт	В.19	285	В.18	311	1072,25	2,42%
	Собирна	Улица Сремски	В.18	311	В.17	355	920,46	4,78%

	улица	Фронт						
	Собирна улица	Улица Сремски Фронт	В.17	355	В.23	359	112,32	3,56%

	Собирна улица	Улица Вардарска	В.22	273	В.20	273	586,84	0,00%
	Собирна улица	Улица Вардарска	В.20	273	В.07	298	1147,82	2,18%
	Собирна улица	мост	В.07	298	В.12	298	48,53	0,00%
	Собирна улица	Улица Каваклија	В.12	298	В.15	365	723,46	9,26%
	Собирна улица	Новопроектирана собирна улица 1	В.15	365	В.10	263,76	1089,88	-9,29%
	Собирна улица	мост- брана	В.10	263,76	В.09	263,76	57,81	0,00%
	Собирна улица	Новопроектирана собирна улица 1	В.09	263,76	В.16	372	1045,74	10,35%
	Собирна улица	Новопроектирана собирна улица 1	В.16	372	В.17	355	1987,92	-0,86%
	Собирна улица	Новопроектирана собирна улица 1	В.17	355	Б.07	303	1428,35	-3,64%

	Собирна улица	Новопроектирана собирна улица 2	Б.05	271	В.18	311	898,92	4,45%
	Собирна улица	Новопроектирана собирна улица 2	В.18	311	В.16	372	1189,99	5,13%

	Собирна улица	Улица Партизанска	В.21	276	В.20	273	364,87	-0,82%
	Собирна улица	Улица Партизанска	В.20	273	В.19	285	354,32	3,39%
	Собирна улица	Улица Партизанска	В.19	285	Б.04	278	786,71	-0,89%
	Собирна улица	Улица Партизанска	Б.04	278	Б.05	271	434,37	-1,61%
	Градска магистрала	Улица Партизанска	Б.05	271	Б.06	291	585,00	3,42%
	Градска магистрала	Улица Партизанска	Б.06	291	Б.07	303	598,53	2,00%
	Градска магистрала	Улица Партизанска	Б.07	303	Б.08	297	214,14	-2,80%

Трасите и сообраќајните профили на улиците кои се дел од примарната сообраќајна мрежа на Град Штип се :

- **Транзитна магистрала „Струмица-Штип А4 "**со вкупен профил од 75,0m, односно 7m средишено заштитно зеленило, 21m коловоз (2×10,5m), и 47m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2×23,5m).
- **Транзитна магистрала „Штип-Кочани А4"** со вкупен профил од 75,0m, односно 7m средишено заштитно зеленило, 21m коловоз (2×10,5m), и 47m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2×23,5m).
- **Градска магистрала „4КМ 526 – Штип"** со вкупен профил од 46м, односно 5м средишно заштитно зеленило, 21м коловоз (2×10,5m) и 20м површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2×10m).
- **Градска магистрала „Новопроектирана градска магистрала 1"ул. (Б.04-Б.08)** со вкупен профил од 23,0m, односно средишно заштитно зеленило 2m, 14m коловоз (2×7m) и 7m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x3,5m).
- **Градска магистрала „Штип-Кочани"** со вкупен профил од 23,0m, односно средишно заштитно зеленило 2m, 14m коловоз (2×7m) и 7m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x3,5m).
- **Градска магистрала улица „Гоце Делчев"** со вкупен профил од 23,0m, односно средишно заштитно зеленило 2m, 14m коловоз (2×7m) и 7m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x3,5m).
- **Градска магистрала „Партизанска„** со вкупен профил од 23,0m, односно средишно заштитно зеленило 2m, 14m коловоз (2×7m) и 7m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x3,5m).
- **Градска магистрала улица „Вељко Влаховиќ"**со вкупен профил од 25,0m, односно средишно заштитно зеленило 2m, 14m коловоз (2×7m) и 9m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2×4,5m).
- **„Новопланирана магистрална улица 6А"** со вкупен профил од 25,0m, односно средишно заштитно зеленило 2m, 14m коловоз (2×7m) и 9m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2×4,5m).
- **Собирна улица „Новопроектирана собирна улица 4"** со вкупен профил од 20,0m, односно 2m средишно заштитно зеленило, 14m коловоз (2×7m) и 4m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x2m).
- **Собирна улица „Новопроектирана собирна улица 1"** со вкупен профил од 20,0m, односно 2m средишно заштитно зеленило, 14m коловоз (2×7m) и 4m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x2m).
- **Собирна улица „Новопроектирана собирна улица 6"** со вкупен профил од 25,0m, односно 4m средишно заштитно зеленило, 14m колозов (2x7m) и 7m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x3,5).
- **Собирна улица „Новопроектирана собирна улица 5"** со вкупен профил од 25,0m, односно 4m средишно заштитно зеленило, 14m колозов (2x7m) и 7m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x3,5).
- **Собирна улица „Рибник"** со вкупен профил од 25,0m, односно 4m средишно заштитно зеленило, 14m колозов (2x7m) и 7m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x3,5).
- **Собирна улица „Димитар Влахов"** со вкупен профил од 25,0m, односно 4m средишно заштитно зеленило, 14m колозов (2x7m) и 7m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x3,5).
- **Градска магистрала улица „Гоце Делчев"** со вкупен профил од 36,0m, односно 5m средишно заштитно зеленило, 21m коловоз (2x10,5m) и 10m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x5m).

- **Собирна улица „Гоце Делчев"** со вкупен профил од 36,0m, односно 5m средишно заштитно зеленило, 21m коловоз (2x10,5m) и 10m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x5m).
- **Градска магистрала „Гоце Делчев"** со вкупен профил од 40,0m, односно 5m средишно заштитно зеленило, 21m коловоз (2x10,5m) и 14m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x7m).
- **Собирна улица „Новопроектирана собирна улица 3"** со вкупен профил од 30m, односно 4m средишно заштитно зеленило, 21m коловоз (2x10,5m) и 5m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x2,5m).
- **Собирна улица „Новопроектирана собирна улица 2„** со вкупен профил од 30m, односно 4m средишно заштитно зеленило, 21m коловоз (2x10,5m) и 5m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x2,5m).
- **Собирна улица „Димитар Влахов"** со вкупен профил од 18m, односно 7m коловоз (2x3,5m) и 11m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x5,5m).
- **Собирна улица „Маршал Тито"** со вкупен профил од 14m, односно 7m коловоз (2x3,5m) и 7m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво(2x3,5m).
- **Собирна улица „Генерал Михајло Апостоловски„** со вкупен профил од 14m, односно 7m коловоз (2x3,5m) и 7m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво(2x3,5m).
- **Собирна улица „Маршал Тито"** со вкупен профил од 11m, односно 7m коловоз (2x3,5m) и 4m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x2m).
- **Собирна улица „Генерал Михајло Апостоловски"** со вкупен профил од 11m, односно 7m коловоз (2x3,5m) и 4m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x2m).
- **Собирна Улица „Васил Главинов"** со вкупен профил од 11m, односно 7m коловоз (2x3,5m) и 4m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x2m).
- **Собирна улица „Славчо Стојменски"** со вкупен профил од 11m, односно 7m коловоз (2x3,5m) и 4m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x2m).
- **Собирна Улица (мост)** со вкупен профил од 13m, односно 7m коловоз (2x3,5m) и 6m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x3m).
- **Собирна Улица „Генерал Михајло Апостоловски"** со вкупен профил од 13m, односно 7m коловоз (2x3,5m) и 6m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (1x2m и 1x4m).
- **Собирна улица „Генерал Михајло Апостоловски"** со вкупен профил од 13m, односно 7m коловоз (2x3,5m) и 6m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (1x2,5m и 1x3,5m).
- **Собирна улица „Сремски фронт"** со вкупен профил од 20m, односно 14m коловоз (2x7m) и 6m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x3m).
- **Собирна улица „Новопроектирана собирна улица 1"** со вкупен профил од 30м, односно 4m средишно заштитно зеленило, 14m коловоз (2x3,5m) и 12m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x6m).
- **Собирна улица „Партизанска"** со вкупен профил од 30m, односно 2m средишно заштитно зеленило, 21m коловоз (2x10,5m) и површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x3,5m).

Регулирање на сообраќајот на крстосниците

Начинот на регулирање на сообраќајот на крстосниците на примарната улична мрежа во Градот Штип, се утврдува во зависност од големината на прогнозираните сообраќајни протоци во целната година и во согласност со постојните прописи.

Во графичките прилози е даден предлог за можен тип на денивелација на одредени крстосници со резервиран простор за нивна реализација. Дефинитивниот изглед на крстосниците ќе се добие со изработка на соодветна проектна документација за секоја крстосница поединечно. Исто така, особено внимание треба да се посвети при обликувањето на кружните крстосници, каде нивната пропусна моќ е обратно пропорционална на радиусот во однос очекуваниот волумен на сообраќајот, поради што треба да се има во предвид при планирање на таков вид на крстосуници на улици со висок сообраќаен волумен.

Концепт на јавниот градски и приградски сообраќај

- Јавениот превоз на патници во Град Штип, треба да го сочинува автобускиот транспорт. Во овој ГУП се предвидува автобускиот подсистем и понатака да биде основен носител во јавниот превоз на патници во градскиот и приградскиот сообраќај. Линиите на јавниот превоз на патници треба да се постават на градските магистрали, на собирните улици, како ина сервисните улици.

- Мрежата на автобуски линии, ќе може да се реализира со прдходно посебно изработен елаборат, со динамика на реализација, што ќе зависи од реализацијата на примарната улична мрежа на Гредот.

Бензински пумпи и бензински станици

Диспозицијата на новите бензински станици и бензиски пумпи се утврдуваат при изработката на деталните урбанистички планови, според следните критериуми:

- Бензински станици, можат да се лоцираат на слободниот простор покрај или во коридорите на Транзитни магистрални улици и на Градски магистрални улици, на растојание не помало од 80-120 метри од сообраќаен јазол или раскрсница.
- Бензински пумпи, можат да се лоцираат и на слободниот простор покрај собирните и сервисните улици, како и во рамките на групата на класи на намени "Е2", при што излезот од пумпата да биде на растојание не помало од 25 метри од оската на наредната раскрсница.

Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај за сите класи на намени, потребите за паркирање ќе се решаваат со планови од пониско нивосо задоволување на потребите за паркирање согласно Член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за

урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

3.4. НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ


Со изработка на Генералниот урбанистички план, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот. Предмет на изработка на нивелманското решение е изработка на вертикално решение на сите сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот, како и податоците од ГУП на Град Штип.

Во најголема мерка се почитува природниот пад на теренот. Подолжните наклони на сите сообраќајници се движат во границите на дозволените. Нивелетитие се пресметувани од јазел до јазел. Вистинските нивелети ќе се утврдат со соодветна документација при што треба да се почитува :

- Постојната улична мрежа
- Конфигурацијата на теренот
- Постојните инфраструктурни системи
- Пристапноста до градежното парцелирано земјиште.

При изработка на планови од пониско ниво по можност да се стреми кон задржување на Активната сообраќајна ширина (коловози) на улиците кај кои е симнат рангот на сообраќајницата според претходниот ГУП и следниот извадок од истиот:



3.5. ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Проекција на развој на примарната преносна и дистрибутивна мрежа

Планирањето на новите елементи (водови, трафостаници и др.), треба да ги задоволи критериумите на доверливост и стабилност на преносната и дистрибутивна мрежа. До сите корисници потребно е да се обезбеди сигурно, квалитетно и навремено напојување со електрична енергија. МЕПСО (оператор на преносната мрежа) и ЕВН Македонија (оператор на дистрибутивната мрежа) се носители на јавни услуги и ги одржуваат своите мрежи. Градбата на изворите, водовите, трафостаниците и другата опрема треба да биде без негативни последици врз животната средина.

Со овој ГУП за Штип, опфатени се водови и трафостаници од 400kV, 110kV и 35kV напонско ниво. Водовите и трафостаниците од помало напонско ниво не се примарни водови и не се дел од овој плански документ.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на детални урбанистички планови и инфраструктурни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН.

При разработката во плановите од пониско ниво заделжително да се почитуваат одредбите за заштитни растојанија дефинирани во Службен весник на РМ, бр. 191 од 17.9.2019 година посебно во членот 138 и тоа:

Заштитен појас

(1) Површината и просторот. под, над и покрај дистрибутивните електроенергетски објекти, потребен за просторно лланирање, заштита и одржување на истите, во кој не е дозволено да се изведуваат работи односно да се гради без согласност на ОДС претставува заштитвен појас на дистрибутивните елвктроонергетски објекти.

(2) Ширина на заштитениот појас изнесува:

1) 20 метри од оската на изводот, за надземен вод со номинален напон 110 kV
2) 15 метри од оската на изводот, за надземен вод со но-иинален напон од 35 kV
3) 10 метри од оската на изводот. за иадзе?/ен вод со ноиинален напон од 1 kV до 20 kV
4) 6 метри од оската на изводот, за подземен кабелски вод со номинален напон 110 kV
5) 3 метри од оската на изводот, за подземен кабелски вод со номинален напод од 35 kV
6) 1 метар од оската на изводот, за подземен кабелски вод со номинален напон од 1 kV до 20 kV
7) 15 метри од надворешниот раб на оградата или ѕидот. за трзноформаторска станица со номинапен напон 110 kV и 35 kV
8) 2 метри. за трансформаторска станица и раводна постојка со номинален налон од 1 к kV до 20 kV, освен трансформаторски станици и разводни постројки чија опрема е вградена во посебни простории на зграда.

(3) За кабелски подземни водови, ширината на заштитениот појас. се однвсува и на работи кои се изведуваат под површината на земјата.

(4) Во случај на градба на објект. односно постројка и инсталации на корисник на дистрибутивната мрежа како и изведување на други работи внатре во заштитниот појас, неопходно е корисникот да поднесе барање до ОДС за издавање на посебни услови, односно ОДС да издаде писмена согласност со цел обезбедување на безбедност на електроенергетскиот објект, градбата, имотот, луѓето и животните.

(5) Со барањето за издавање на посебни услови, односно согласност за изаедување на работи внатре во заштитениот појас, подносителот на барањето е должен да ја приложи соодветната документација врз основа на која го планира изведувањвто на овие работи.

(6) ОДС е должен на подносителот на барањето од став (4) од овој член, да му одговори во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(7) Условите за изведување на работи во заштитениот појас се определуваат во согласност со одредбите од посебните закони, прописи, норми, правила на струката и интерните технички акти на ОДС, кои ги уредуваат техничките услови на изградба. погон и одржување на мрежата.

(8) Кзведувачот на работите е должен навремено да го извести ОДС за точното време на отпочнување и лланот за реализација на работите. согласно издадените услови односно согласноста на ОДС.

(9) Зафати во заштитвн лојас се спроведуваат во согласност со пропишаните посебни услови односно издадената согласност за изведување на работитв.

Исто така треба да се почитуваат и одредбите за водовите на МЕПСО од правилникот за Мрежни правила за пренос на електрична енергија дефинирани во Службен весник на РСМ, бр. 04 од 10.01.2022 година посебно во членот 224 и тоа:

(1) Површината и просторот, под, над и покрај постоечките електропреносни електроенергетски објекти, неопходен за просторно планирање, заштита и одржување на истите, во кој не е дозволено да се изведуваат работи, односно да се гради без согласност на МЕПСО, претставува заштитен појас на електропреносниот електроенергетски објект.

(2) Ширина на заштитениот појас изнесува:

1) 15 м од оската на надземен вод со номинален напон од 400к\/;
2) 10 м од оската на надземен вод со номинален напон од 110 к\/;
3) 7 м од оската на надземен вод со номинален напон од 35 к\/;
4) 1,5 м од оската на подземен кабелски вод со номинален напон пок\/;

5) 5 м од надворешниот раб на оградата или ѕидот, за трансформаторска станица со номинален напон 400 к\/ и 110 к\/.

(3) За кабелски подземни водови ширината на заштитениот појас се однесува и на работи кои се изведуваат под површината на земјата.

(4) Во случај на градба како и изведување на други работи внатре во заштитениот појас, корисникот/сопственикот, овластено правно лице или јавна институција, неопходно е да поднесе барање до МЕПСО за издавање на заштитни мерки, односно МЕПСО да издаде писмена согласност соодветно на поднесеното барање.

(5) Со барањето за издавање на согласност, односно согласност за изведување на работи внатре во заштитениот појас, подносителот на барањето е должен да ја приложи соодветната проектна документација врз основа на која го планира изведувањето на работите, извод од урбанистички план и/или имотен лист за имотот.

(6) МЕПСО е должен на подносителот на барањето од став (4) од овој член да му одговори во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(7) Заштитните мерки за изведувањето на работи во заштитениот појас се определуваат во согласност со одредбите од посебните закони, прописи, норми, правила на струката и интерните технички акти на МЕПСО, кои ги уредуваат техничките услови на изградба, погон и одржување на мрежата.

(8) Изведувачот на работите е должен навремено да го извести МЕПСО за точното време на отпочнување и планот за реализација на работите, согласно издадените услови, односно согласноста на МЕПСО.

(9) Активности во заштитен појас се спроведуваат во согласност со пропишаните заштитни мерки односно издадената согласност за изведување на работите.

(10) МЕПСО има право во заштитениот појас да превзема дополнителни мерки и активности за одржување, сечење на вегетација и други слични активности, во случај ако оцени дека истите се потребни за безбедно функционирање на електропреносниот систем, заштита од пожар, заштита на природата и сл.

При реализација на ГУП Штип треба да се обезбеди непречен сообраќаен пристап до тафостаниците на МЕПСО и ЕВН. Истото може да се решава во склоп на Планови од пониско ниво или со соодветна проектно планска документација (Инфрастриктурни Проекти).

ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Планиран развој на елетронски комуникациски мрежи со услуги

Основна развојна цел на електронски комуникациски мрежи во наредниот период е нивното прилагодување за најновите технолошки решенија, односно технологии кои ќе се применуваат во поедини делови на мрежата.

Планот треба да создаде услови за целосно искористување на постојните капацитети, зголемување на конкурентноста и пазарното однесување на операторите како и создавање на услови за влез на нови оператори во електронските комуникации.

Следната генерација на пристапни мрежи подразбира мрежи со жичен пристап кои се состојат целосно од оптички елементи и кои се способни за испорачување на услуги со подобрени карактеристики, споредено со оние кои се нудат преку веќе постојните мрежи.

Мобилна телефонија- Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Македонски телеком и Вип. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,

  - подрачја од јавен интерес (културно - историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.)
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура
- Изготвување на проекти за развој на ГСМ мрежата согласно постојната инфраструктура на теренот
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион е покриен со сигнал на двете компании за мобилна телефонија во РМ.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе според принципот стан - телефон и за јавните функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми.

Во планскиот опфат има изведена телефонска мрежа. Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телеком АД Скопје или другите провајдери на електронски усслуги.

Уличните ормари ќе се поставуваат на површините од тротоарите и истите се со димензии од 1,0×0,5m. Бројот на уличните ормари, како и нивната точна диспозиција ќе се утврдат во понатамошните фази, во склад со реалните потреби и развојните програми на Македонски телеком АД Скопје.

3.6. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

ВОДОСНАБДУВАЊЕ

При реализација на сите градежни парцели со катност поголема од П+3, неопходно е да се предвиди поставување на уреди за локално зголемување на притисокот во водоводната мрежа во објектите.

За постигнување на водоснабдителна норма од 220 л/ден/жител потребен е период, намалувањето на потрошувачката на вода треба да се одвива етапно. Во прва фаза до 2020 год се предвидува водоснабдителната норма да изнесува максимум 400 л/ден/жител.

Во оваа норма влегуваат потребите од вода за:

домаќинствата и стопанството	206 л/ден/жител
корисни загуби	59 л/ден/жител
нерегистрирани загуби	109 л/ден/жител
вкупно	374 л/ден/жител

Во оваа пресметка се смета дека зелените површини и миењето на улиците ќе се врши од посебна мрежа со користење на подземни води и нерегистрираните загуби ќе се сведат на 20% од вкупно произведената вода.
Усвоената водоснабдителна норма од 400 л/ден/жител е меродавна за домаќинствата во границите на планскиот опфат на Градот Штип.
Корегирањето на вредноста на водоснабдителната норма треба да е проследена и со:

- Едукација на населението дека водата е ресурс кој има свои граници и дека мора да се штеди и рационално да се користи. Водата треба да се цени како производ кој има своја цена.

- Потребите од вода за поливање на зеленилото, миење на улиците ќе се покриваат со користење на други изворници - подземни води, зафаќање на локални површински водотеци, примена на современа технологија во наводнувањето, развој на хортикултурното уредување во правец на садење на зеленило кое бара помалку вода и сл. Со користење на посебни извори за наводнување на зелените површини ќе се елиминираат и проблемите во водоснабдувањето на повисоките зони во летниот период.

Потреби од вода

Во 2024 год. се предвидува дека бројот на жители во Градот ќе изнесува
58.427.

Со усвоената водоснабдителна норма од 400 л/ден/жител, потребите од вода во 2024 год. ќе изнесуваат:

Q = 58.427x 400 = 23.370.800 л/ден = 8,530,342 $м^3$/год

Како коефициент на дневна нерамномерност усвоен е a_1=1,5, а за часова што ќе биде меродавно за натамошни хидраулички пресметки на водоснабдителната мрежа усвоен е коефициентот a_2 = 1,3.

Потребите од вода во 2024 год. ќе изнесуваат

Q = 58.427x 400 = 23.370.800 л/ден = 8,530,342 $м^3$/год

$q_{ср/ден}$ = Q/86400 = 270 л/сек
$q_{сре/ден} = q_{ср/ден} \times a_1$ = 270 x 1,3 = 351 л/сек
$q_{мах/ден} = q_{ср/ден} \times a_1$ = 351 x 1,5 = 526 л/сек

ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

По однос на канализација се планира изградба на сепаратен систем на канализација т.е. изградба на посебна канализациска мрежа за атмосферски води како и посебна канализациска мрежа за фекална канализација.

Количината на отпадната вода се смета на 90% од водоснабдителната норма.

За период до 2024 год за Qo = 400 л/д/ж и бр. на жители од 58.427
количината на отпадната вода ќе изнсува:

Qк = 58.427x 400 x 0,9 = 21.033 $м^3$/ден
$q_{ср/ден}$ = Qк/86400 = 243 л/сек
$q_{мах/ден} = q_{ср/ден} \times a_1$ = 243 x 1,3 = 316 л/сек
$q_{мах/час} = q_{мах/ден} \times a_2$ = 316 x 1,5 = 474 л/сек

При хидрауличката пресметка на канализацискатa мрежа да се земат во предвид и инфилтрираните води кои изнесуваат 10% од вкупната количина на вода.

Третман на отпадните води

За заштита на р. Отиња и Брегалница од отпадните води на Градот Штип предвидено е изградба на пречистителна станица. Карактеристиките на пречистителната станица се следни:

Капацитетот на пречистителната станица за краен период до 2024 год е 21,033 м^3/ден отпадни води.

Квалитетот на водата после пречистувањето на место на испуштање во реципиентот мора да ги задоволува сите важечки еколошки стандарди.

Местоположбата на пречистителната станица е надвор од опфатот на ГУП Штип и е прикажан во графичките прилози.


Регулирање на Водотеците

Низ Штип поминуваат река Брегалница и река Отиња.


Реката отиња има регулирано корито додека за реката Брегалница постои изработена СТУДИЈА ЗА МОЖНОСТИ ЗА РЕГУЛАЦИЈА НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА (МИНИ АКУМУЛАЦИИ, КАСКАДИ, БРАНИ) ИЗРАБОТЕНА 2010 ГОДИНАод УРЦ Цонсалтинг и додаток на истата со регулација на коритото на Река Брегалница во градот Штип.

Извадоци од истите се користени при изработката на ГУП Штип од каде се добиени и попречните профили на река Брегалница

Карактеристични попречни пресеци



Слика: Попречен пресек на коритото на реката Брегалница кај Штип (градски дел) P=1:100/200



Слика: Попречен пресек на коритото на реката Брегалница кај Штип (вонградски дел) P=1:100/200

Во опфат на планот е и акумулација на река Отиња со огледало на водната површина од 335 Метри надморска висина и вкупна површина од 336595 м^2. Според проект изработен од Градежен институт Македонија Скопје.

АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализациски систем за одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали, а кои ќе се водат по главните сообраќајници и по сообраќајници за кои постојат услови за канализирање по гравитациски пат.

За димензионирање на атмосферската канализација усвоена е вредност на интензитет од 110 л/сек/ха, врнежи што се јавуваат еднаш во две години во времетраење од 20 мин.

Атмосферската количина на вода меродавна за димензионирање на канализацискиот систем се пресметува по формулата:

$Q = F \times \Psi \times I$

F - ха -припадна сливна површина

I - л/с/ха - интензитет на врнежи

Ψ - коефициент на истекување (0,6 за станбени површини со голема густина, 0,4 за станбени површини со мала густина, 0,2 за отворени терени,0,1 за паркови).

3.7. ТОПЛИФИКАЦИСКА МРЕЖА

Начинот на загревањето на просториите во кои престојува човекот е од големо енергетско значење, бидејќи приближно 40% од вкупната потрошувачка на енергија во големите градови се користи за греење на градбите.

Топлификацискиот систем спаѓа во редот на еден од поважните енергетски системи, чија основна намена е централно далечинско затоплување на градбите за време на студениот период од годината. Постоењето на ваквиот систем има за цел да ублажи еден од крупните градски проблеми, а тоа е рационалното управување со енергијата, почитување на стандардите за квалитетот на воздухот, како и подобрување на структурата на потрошувачка на енергија преку употреба на еколошки и економски поприфатливо гориво.

Системот според функционалноста може да се подели на три технолошки целини:

- Извори на топлинска енергија,
- Дистрибутивна и приклучна мрежа,
- Редуцирачко топлински подстаници.

Планирање на мрежа се предвидува само за централниот дел од Градот Штип каде како резултат на зголемената густина на градба постои економска оправданост за поврзување на градбите на централниот топлификациски систем.

3.8. ГАСИФИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Развојот на гасоводниот систем е директно поврзан со потребите од примена на еколошко почисто гориво, кое со својот хемиски состав и калорична моќ, представува одлична замена за нафтата, нафтените деривати и јагленот чија примена ги зголемува концентрациите на токсични материи во воздухот

Изградбата на гасоводниот систем во Градот Штип, се предвидува да се

одвива во фази. Со него ќе бидат опфатени следните потрошувачи:

- индустрија;
- погонски градби на централно далечинско затоплување, топлани и гасни централи за комбинирано производство на електрична и топлотна енергија;
- домување;
- комерцијални градби.

4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

4.1. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите

Член 1

1) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Генералниот урбанистички план се најдирективниот и најнормативниот дел од планот со кој се остварува принципот на нормативна субординација на Генералниот урбанистички план во деталните урбанистички планови со кои тој ќе се спроведува.

2) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштетои градбите за спроведување на планот се состојат исклучиво од планските услови со правно дејство кои се формулирани на номотетички, нормативен, експлицитен, логичен и непротивречен начин.

3) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се состојат од плански услови со кои се дефинираат сите просторнофизички параметри на планираните супра и инфраструктури, како и сите услови за градење и начини на употреба на земјиштето и градбите.

4) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Генералниот урбанистички план ги содржат интегрирани планските услови од текстуалниот, нумеричкиот и графичкиот дел од Генералниот урбанистички план со директивно планерско и правно дејство.

Член 2

1) Условите за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Генералниот урбанистички план се состојат од општи и посебни услови .

2) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се однесуваат на целата територија на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план и на начинот на формулирање на планските услови , нивното читање, толкување и правно дејство.

3) Посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се однесуваат на територииите на поединечните урбанистички единици на градежно земјиште на кои е поделен планскиот опфат на Генералниот урбанистички план со кои ќе се спроведува Генералниот урбанистички план.

Член 3

Просечен прв есенски мраз е на 6-11, а апсолутно последен есенски мраз бил на 16-10-1961год. Мразниот период просечно трае 142 дена. Пејсажите во пониските делови во Плачковица не се особено вредни поради еродираноста на површините и оголеноста. Пејсажите во повисоките делови на Плачковица се многу поинтересни, а вегетационите, климатските и вкупните амбиентални вредности го создаваат најатрактивниот излетничко рекреативен простор во Општината. Најинтересни и најважни пејсажи во градот се

речните текови на реките Брегалница и Отиња.

5.6. Врнежи

Просечната годишна сума на врнежите изнесува 473,3mm, и тоа најмногу во мај со 56,0mm, а најмалце во февроари 29,8mm, додека апсолутниот максимум на врнежите е забележан на 06-08-2007 година од 77,9MM или l/m2. Зимскиот период паѓаат просечно 34mm по месец или вкупно за зимскиот период просечно 101,9mm., пролетниот период просечно паѓаат 42,7mm или вкупно за 3, 4, и 5 месец просечно паѓаат 128,2mm, летниот период просечно паѓаат 37,2mm или вкупно за 6, 7 и 8 месец 111,7mm, а во есенскиот период просечно во месеците септември, октомври и ноември паѓаат по 44,3mm или вкупно за сите месеци просекот е 132,9mm. Годишен просек на влажноста на воздухот изнесува 67%. Број на денови со снег годишно има 19, денови со град има 35, годишен број на денови со магла е 12, просечната снежна покривка изнесува 9,7cm. Просечна должина на траење на периодот со снег е 95 дена. Просечен број на ведри денови е 87, просечен број на облачни денови е 194 дена и просечен број на тмурни денови е 84.

5.7. Ветрови

Во Штипската котлина најчест ветер е од северозападниот правец кој дува со честина од 196‰, брзина од 3,6m/s и јачина до 10 бофори што е и најсилен ветер заедно со југоисточниот ветар кој е втор по честина од 179‰ и со брзина од 3,8m/s што е најголема брзина. Ветер со најмала честина е источниот со честина од 18‰, 2,9m/s и јачина од 8 бофори. Честината на време без ветар - тишина е 395‰ што значи дека повеќе од третина од денонокието е без ветар.

5.8. Осончување

Должината на траењето на сончевиот сјај изнесува 2376,9 часа годишно или просечно дневно 6,5 часа што овозможува и поголем избор на ориентации на објектите.

5.9. Вегетација и пејсаж

Вкупниот впечаток кој од вегетационен аспект го создава пределот е сиромашен, пуст, обесшумен со доминантно земјоделско обележје.

5.10. Хидролошки карактеристики

Терените на кои е распространета општината и неговото непосредно окружување, слабо се издажни со вода, поради што се јавува мал број на извори и мала издашност (до 1l/s) на постоечките. Подземните води се присутни само во алувјиалните седименти, а насоката на природниот одвод го следи движењето на површинските води и речниот тек. Појавите се на длабочина од 0-1m и малку се истражени. Хидрографската мрежа ја чинат река Отиња и река Брегалница. Реката Брегалница во овој дел е типично рамничарска со мноштво на меандри и изразито инундационо корито. Поради ова при големи води доаѓа до изливање на речниот тек вон границите на инундационото корито и предизвикува поплави, па е присутна потреба за регулација на речниот тек. Од посебно значење за градот се појави на термоминерални води во Кежовица, кои имаат лечилишко-балнеолошки особини. Со дупчење на овој локалитет постојат можности за добивање поголеми количини вода и веројатност за нејзина висока температура од досега утврдената (околу 57°C), со што се создава изразита можност за развој на бањскиот туризам.

6. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ СЕ РЕЛЕВАНТНИ ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ПРОСТОРОТ И ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

Анализата неопходна за утврдување на можностите и погодностите за развој ги опфаќа следниве елементи: културно-историски, демографски, економски, стопански, сообраќајни, законодацно-административни, здравствени-социјални и други создадени вредности и чинители од страна на корисниците.

Човекот се смета како најважен елемент на урбанистичкото планирање, бидејќи се јавува насекаде и е способен да се активира себеси и сè околу себе, со цел да создаде подобар живот во средината каде што живее.

Покрај согледувањата на демографскиот развој, како и факторите кои влијаат на истиот, за целосно согледување на постојната состојба извршена е детална анализа и севкупно истражување и увид на самото место со спроведена инвентаризација на објектите и населението во рамките на планскиот опфат.

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛО И НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

За целосно согледување на постојната состојба извршено е детално истражување по пат на директен увид на лице место – теренска работа и направена е детална анализа на добиените податоци од ажурираната геодетска подлога.

Во рамките на предметниот плански опфат, евидентирани се градби со следниве класи на намена:

Б – Комерцијални и деловни намени:

Б4 – Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради

Г – Рударство, енергетика и индустрија

Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори

Е – Инфраструктури

Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Помошни објекти

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА			
БРОЈ	**НАМЕНА НА ПОВРШИНА**	**ПОВРШИНА (м2)**	**ПРОЦЕНТ %**
1	Б4-Деловни и комерцијални дејности	353	1,26%
2	Г3-Сервиси	1302	4,66%
3	По-Помошни објекти	83	0,30%
4	Неизградено земјиште	24605,3	88,00%
5	Асфалтен пат	1462,93	5,23%
6	Дол	154,17	0,55%
ВКУПНО		**27960,4**	**100%**

На земјиштето на предметниот простор евидентирани се вкупно 8 градби и тоа:
Б4 – Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради - евидентиран е 1 објект во добра состојба, односно 1,26% од опфатот,

Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори – евидентирани се 4 објекти во добра состојба, односно 4,66% од опфатот

Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури – сообраќајната површина во рамки на опфатот изнесува 5,23%

Помошни објекти – евидентирани се 3 објекти во средна состојба, односно 0,30% од опфатот
Неизградено земјиште – 88%
Дол 0,55%

Во предметниот опфат при инвентаризацијата на содржините и функциите на теренот евидентирани се вкупно 8 објекти. Анализата на инвентаризираниот градежен фонд, во поглед на намената на објектите, состојбата на амортизираност, конструктивниот систем во кој се изведени и височината, односно катноста, ги презентира следниве резултати:

Состојба на објекти

Објектите воглавно се во добра состојба, освен помошните објекти кои се во средна состојба

Конструктивен систем

Конструктивниот систем на објектите воглавно е скелетен.

Висини на објекти

Висината на објектите е Приземје.

КП	Број на објект	Класа на намена	Намена на објект	Катност на објект	Површина на градба m2	Конструктивен систем	Квалитет на градба
1345	1	Б4	Деловни и комерцијални дејности	П	353	СК	Добра
	2	Г3	Сервиси	П	476	СК	Добра
	3	Г3	Сервиси	П	233	СК	Добра
	4	Г3	Сервиси	П	273	СК	Добра
	5	Г3	Сервиси	П	320	СК	Добра
	6	По	Помошни објекти	П	10	СК	Средна
	7	По	Помошни објекти	П	33	СК	Средна
1346	8	По	Помошни објекти	П	40	СК	Средна
			ВКУПНО:		1738		

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА			
БРОЈ	НАМЕНА НА ПОВРШИНА	ПОВРШИНА (м2)	ПРОЦЕНТ %
1	Изградено земјиште	3200,93	11%
2	Неизградено земјиште	24605,3	88%
3	Дол	154,17	1%
Вкупно (на опфат)		27960,4	100

На планскиот опфат доминира неизградено земјиште.

8. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ И ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ

Согласно побараните податоци и информации до Управа за заштита на културно наследство и добиениот одговор со бр.17-3688/2 од 23.12.2024 година, се констатира дека во граници на планскиот опфат не постои регистрирано културно наследство ниту добра за кои основано се претпоставува дека представуваат културно наследство. Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од

Законот за заштита и културно наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

9. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ДОБИЕНИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ

9.1 ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје

Согласно податоците добиени од „ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје - Друштво за дистрибуција на електрична енергија“ со допис бр. 10-23/4-591 од 27.11.2024, Друштво за дистрибуција и снабдување на електрична енергија Електродистрибуција дооел Скопје, **на предметниот плански опфат има постоечки електроенергетски мрежи во сопственост на ЕВН**. Евидентирани се: 110(35)кВ трафостаница, 35кВ подземна мрежа, 10(20)/0.4кВ трафостаница, 10(20)кВ подземна и надземна мрежа, 0,4кВ подземна и надземна мрежа. Во опфатот има и планирани траси. Сите постоечки и планирани траси се дадени во графички прилог.

9.2 ЈП ИСАР – Штип

Согласно податоците добиени од ЈП Исар – Штип со допис бр. 15-221/2 од 04.12.2024 година, констатирано е дека на предметниот опфат има постоечка водоводна и фекална канализација, доколку поминува низ новопланираните објекти, истата треба да се дислоцира. Во планскиот опфат може да се планира без посебни ограничувања, бидејќи подземните инсталации од водовод и фекална канализација може да се вклопат во новото планирање.

Постојните инсталации се прикажани во графичкиот прилог.

9.3 Гасовод

Според податоците добиени од Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост со допис бр. 08-345/2 од 27.01.2025 година, на предметниот плански опфат, **нема изведена гасоводна мрежа.**

9.4 Дирекција за заштита и спасување

Согласно податоците добиени од ДЗС Подрачно одделение Штип, со допис бр. 09-202/2 од 22.11.2024 година, информирани сме дека на наведениот плански опфат, ДЗС не располага со податоци и информации од домен на нивно работење. Во прилог на дописот, Дирекцијата за заштита и спасување доставува мерки за заштита кои треба да се вградат во изработката на ДУП и да се достави до Дирекцијата за заштита и спасување за добивање на мислење.

9.5 Македонски Телеком АД-Скопје

Согласно добиените податоци од Македонски Телеком АД-Скопје, со допис бр.66517 од 21.11.2024 констатирано е дека на предметниот плански опфат **постојни МКТ инсталации и истите се прикажани во графички прилог.**

9.6 МЕПСО

Согласно добиените податоци од АД МЕПСО, со допис бр.11-7499/1 од 25.11.2024 година констатирано е дека на предметниот плански опфат **не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО**

9.8 Агенција за цивилно воздухопловство

Согласно добиените податоци од Агенција за цивилно воздухопловство, со допис бр. 12-8/977 од 21.11.2024 година, констатирано е дека предметниот плански опфат се наоѓа во заштитна зона на спортскиот аеродром Штип, на цца 2433м ЈИ од референтна точка на аеродромот, во рамки на т.н. хоризонтална и дел од конусна рамнина за ограничување на препреки, односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедност на воздушниот сообраќај.

Имајќи го предвид претходното, а согласно член 88 од Законот за восдухопловство (Сл. весник на РСМ бр. 14/24), потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се запази/вметне следната одредба:

- Максималната височина на било кој објект или надземна структура во опфатот да не ги надминува максимално дозволените елевации дадени во прилог.

Доколку во опфатот се планира изградба на објект/и со елевација над претходно наведената, или изградба/поставување на издвоени антенски столбови или оџаци со височина поголема од 30м. и/или други објекти со височина поголема од 100м., потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство да се достави проектната документација (пред узвојување) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно чл. 80 став (1) и (2) од Законот за воздухопловство.

9.9 Сообраќај

Согласно добиените податоци од **Јавно претпријатие за државни патишта** со допис бр. 10-12815/2 од 16.12.2024 година констатирано е дека низ планскиот опфат поминува транзитниот дел од регионалниот пат Р1204 (Р-526), за кој во плановите на ЈПДП не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.

Согласно добиените податоци од **Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на РСМ – Скопје**, со допис бр. 5115/2 од 31.12.2024 година, констатирано е дека планскиот опфат се наоѓа надвор од пружниот појас но во заштитниот појас на железничката пруга Велес-Кочани.

9.10 Сектор за животна средина

Согласно добиените податоци од **Сектор за животна средина, Управа за животна средина при Министерство за животна средина и просторно планирање** со допис бр. 11-1120/2 од 26.03.2025 година констатирано е дека предметниот плански опфат не влегува во границите на заштитените подрачја како и во иденификувани Емералд и Натура 2000 подрачја.

10. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Еден од важните фактори за создавање на концепција на планот е анализата на постојната состојба на теренот. При изработка на деталниот урбанистички план извршена е инвентаризација на градежниот фонд, согледување на состојбата на теренот и согледување на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план.

Според **Генералниот урбанистички план за град Штип** одобрен со одлука бр. **08-7987/1 од 31.12.2022** год. издаден со извод број 18- 4052/2 од 01.07.2024 година, на предметниот

плански опфат за урбана четврт СЕ 05.02 од ГУП на Град Штип, се предвидуваат мешани намени и тоа:

Е2 – Згради за сообраќај
Е3 – Специјализирани некласификувани инфраструктури
Мешана намена (Б+Г)
Мешана намена (Б+Е)
Мешана намена (А+Б)

За предметниот опфат **нема важечки детален урбанистички план**

11. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Програмските проекции на просторот се движат во следните насоки:

- Потребно е да се изработи планскиот опфат за Детален урбанистички план.
- Да се планираат намени на земјиштето и градбите во согласност со дефинираните со ГУП на Град Штип и состојбата на терен.

На предметниот простор, кој е делумно реализиран, потребно е предвидување содржини со цел за нивна реализација и решавање на нивниот статус во склад со потребите на корисниците и Општината, во согласност со одредбите на ГУП на Град Штип и состојбата на терен.

Сите предвидени комунални приклучоци потребно е да се реализираат.

Можностите за просторен развој ги дефинираат насоките поставени како дел на развојот.

Со анализата на постојна состојба, потребите на Општината и сопствениците на градежните парцели од предметниот локалитет, треба да се оценат и одредат можностите на просторниот развој:

- во која насока е неопходниот развој;
- кои се ограничувачките фактори (тесни грла) на развојот;
- кои се реалните можности за развој.

Потребно е да се предвиди решение кое би ги оформило намената и карактерот на функциите.

Во поглед на системот на градба и стандардите треба да се градат економско исплатливи градежни зафати на објектите.

Потребно е да се постигне повисок стандард во однос на:

- површини;
- квалитет на градба;
- употреба на материјали;
- поголеми естетски вредности;
- соодветни инсталации;
- обезбедување на сите сообраќајни услови за проточност и безбедност на сообраќајот и комплексно решавање на сообраќајот во мирување;
- поврзување со инфраструктурни системи, како и можност од реализација на нови системи.

Во поглед на инфраструктурата потребно е:

- Паралелно со реализација на планските документи и оформување на квалитетни простори да се изведе примарната и секундарната мрежа на сите постојни инфраструктурни системи (водовод, фекална и атмосферска канализација, електрика, телефонија).

Реални можности за развој за локалитетот претставуваат:

- градба на објекти во оформени градежни парцели.

Степенот на искористеност на градежно земјиште ќе биде економски оправдан, доколку се обезбеди потребно ниво на сообраќајна услуга.

Во согласност со нормативите за планирање на сообраќајот, примарната сообраќајна мрежа треба да обезбеди:

- секундарната сообраќајна мрежа во согласност со нормативите треба

да се реализира;

- паркирањето на возилата да се обезбеди во рамките на парцелите.

Треба да се предложи такво просторно решение што ќе обезбеди поголем степен на искористеност на градежното земјиште со потребно ниво на сообраќајна услуга.

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ОД ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Постојни површини по намена на земјиштето

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА			
БРОЈ	**НАМЕНА НА ПОВРШИНА**	**ПОВРШИНА (м2)**	**ПРОЦЕНТ %**
1	Изградено земјиште	3200,93	11%
2	Неизградено земјиште	24605,3	88%
3	Дол	154,17	1%
Вкупно (на опфат)		27960,4	100

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА			
БРОЈ	**НАМЕНА НА ПОВРШИНА**	**ПОВРШИНА (м2)**	**ПРОЦЕНТ %**
1	Б4-Деловни и комерцијални дејности	353	1,26%
2	Г3-Сервиси	1302	4,66%
3	По-Помошни објекти	83	0,30%
4	Неизградено земјиште	24605,3	88,00%
5	Асфалтен пат	1462,93	5,23%
6	Дол	154,17	0,55%
ВКУПНО		**27960,4**	**100%**

КП	Број на објект	Класа на намена	Намена на објект	Катност на објект	Површина на градба m2	Конструктивен систем	Квалитет на градба
1345	1	Б4	Деловни и комерцијални дејности	П	353	СК	Добра
	2	Г3	Сервиси	П	476	СК	Добра
	3	Г3	Сервиси	П	233	СК	Добра
	4	Г3	Сервиси	П	273	СК	Добра
	5	Г3	Сервиси	П	320	СК	Добра
	6	По	Помошни објекти	П	10	СК	Средна
	7	По	Помошни објекти	П	33	СК	Средна
1346	8	По	Помошни објекти	П	40	СК	Средна
			ВКУПНО:		1738		

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 431

ГУП: за град Штип за плански период 2014-2029

Број: 18-4052/2 од 01.07.2024 год.

Одлука бр: 08-7987/1 од 31.12.2022 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

М= 1: 10 000

комунални работи и заштита на животна средина

КП. **КО.** Штип-3

ИЗВОД ЗА ДЕЛ ОД ЧЕТВРТ: СЕ 05.02

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда
     - Профили на примарна сообраќајна и друга инфраструктура
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

Sonja Gjeorgievska

Digitally signed by Sonja Gjeorgievska
DN: c=MK, o=OPSHTINA SHTIP, 2.5.4.97=VATMK-4029005130584, ou=OPSHTINA SHTIP-4029005130584, givenName=Sonja, serialNumber=CRT3652429, sn=Gjeorgievska, cn=Sonja Gjeorgievska
Date: 2024.07.02 09:40:49 +02'00'


По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов

Lazar Hadji Nikolov

Digitally signed by Lazar Hadji Nikolov
Date: 2024.07.02 09:52:46 +01'00'



ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ НА ГУП ШТИП
- А - ОСОВИНА Автопатишта
- ТМ -ОСОВИНА Транзитна магистрална улица
- ГМ -ОСОВИНА Градска магистрална улица
- СОУ -ОСОВИНА Собирна улица
- СЕУ - ОСОВИНА Сервисна улица
- Регулациона линија
- Железница
- Река
- А - ШТРАФАЖА Автопатишта
- ТМ - ШТРАФАЖА Транзитна магистрална улица
- ГМ - ШТРАФАЖА Градска магистрална улица
- СОУ - ШТРАФАЖА Собирна улица
- ШТРАФАЖА Железница
- ШТРАФАЖА реки

ВИСИНСКИТЕ КОТИ И НАКЛОНИТЕ ВО ПЛАНОТ СЕ ГЛОБАЛНИ ОД ЈАЗЕЛ ДО ЈАЗЕЛ. ИСТИТЕ МОЖЕ ДА ПРЕТРПАТ ПРОМЕНИ СО ПЛАНОВИ ОД ПОНИСКО НИВО И ИНФРАСТРУКТУРНИ, СООБРАЌАЈНИ ДРУГИ ПРОЕКТИ

8.27 БРОЈ НА ЈАЗЕЛ

251.90 З КООРДИНАТА
245.90 З-1 КООРДИНАТА

I=0.30% L=255.51 ГЛОБАЛЕН НИВЕЛМАН

ТИПОВИ НА РАСКРСНИЦИ

- Тип "А" Целосно денивелирана раскрсница
- Тип "А1" Делумно денивелирана раскрсница
- Тип "Б" Кружна денивелирана раскрсница
- Тип "Б1" Кружна раскрсница во ниво
- Тип "Г" Делумно денивелирана раскрсница (Дијамант)
- Тип "Г1" Денивелирана раскрсница (за трансфер)
- Тип "Д" Денивелиран нататник
- Тип "Г" Денивелиран премин на железница
- Тип "Е" Раскрсница во ниво

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП

ОД ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП И ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

ОПШТИНА ШТИП

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ =27960,4 m² = 2,79ha

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА


ИЗВОД ОД ГУП ЗА ГРАД ШТИП

АТРИУМ СТУДИО

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ,ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН

„ВАНЧО ПРЌЕ“" БР 119 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

НАРАЧАТЕЛ:	**ОПШТИНА ШТИП**		
ПЛАН:	**ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП** **ОД ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП И ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП**	**ФАЗА:**	**ДУП**
ПРИЛОГ:	ИЗВОД ОД ГУП ЗА ГРАД ШТИП	**ТЕХ.БРОЈ:** У-36/24	**РАЗМЕР:** 1:1000
ПЛАНЕРИ:	**АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ д.и.а. овл. бр. 0 .0500 - НОСИТЕЛ НА ПЛАН** **ВЕСНА ВАСИЛЕВА д.и.а. овл. бр. 0 .0057 - планер**	**ПЛАНЕРСКА КУЌА:**	
СОРАБОТНИЦИ:	**ТАЊА ТРЕНДОВА м.и.а. - планер соработник**	**ЛИЦЕНЦА БРОЈ:** 0089	
УПРАВИТЕЛ: д.и.а. ВЕСНА ВАСИЛЕВА		**ДАТА:** МАЈ, 2025	**ЛИСТ БР.** 01




ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП

ОД ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП И ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

ОПШТИНА ШТИП

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ =27960,4 m² = 2,79ha



ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ,ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
„ВАНЧО ПРЌЕ“ БР 119 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

НАРАЧАТЕЛ:	ОПШТИНА ШТИП		
ПЛАН:	ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП ОД ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП И ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП	ФАЗА:	ДУП
ПРИЛОГ:	АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА	ТЕХ.БРОЈ: У-36/24	РАЗМЕР: 1:1000
ПЛАНЕРИ:	АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ д.и.а. овл. бр. 0 .0500 - НОСИТЕЛ НА ПЛАН ВЕСНА ВАСИЛЕВА д.и.а. овл. бр. 0 .0057 - планер	ПЛАНЕРСКА КУЌА:	
СОРАБОТНИЦИ:	ТАЊА ТРЕНДОВА м.и.а. - планер соработник	ЛИЦЕНЦА БРОЈ: 0089	
УПРАВИТЕЛ: д.и.а. ВЕСНА ВАСИЛЕВА		ДАТА: МАЈ, 2025	ЛИСТ БР. 02


БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

БРОЈ	НАМЕНА НА ПОВРШИНА	ПОВРШИНА (м2)	ПРОЦЕНТ %
1	Б4-Деловни и комерцијални дејности	353	1,26%
2	Г3-Сервиси	1302	4,66%
3	По-Помошни објекти	83	0,30%
4	Неизградено земјиште	24605,3	88,00%
5	Асфалтен пат	1462,93	5,23%
6	Дол	154,17	0,55%
ВКУПНО		**27960,4**	**100%**

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

БРОЈ	НАМЕНА НА ПОВРШИНА	ПОВРШИНА (м2)	ПРОЦЕНТ %
1	Изградено земјиште	3200,93	11%
2	Неизградено земјиште	24605,3	88%
3	Дол	154,17	1%
Вкупно (на опфат)		27960,4	100

КП	Број на објект	Класа на намена	Намена на објект	Катност на објект	Површина на градба m2	Конструктивен систем	Квалитет на градба
1345	1	Б4	Деловни и комерцијални дејности	П	353	СК	Добра
	2	Г3	Сервиси	П	476	СК	Добра
	3	Г3	Сервиси	П	233	СК	Добра
	4	Г3	Сервиси	П	273	СК	Добра
	5	Г3	Сервиси	П	320	СК	Добра
	6	По	Помошни објекти	П	10	СК	Средна
	7	По	Помошни објекти	П	33	СК	Средна
1346	8	По	Помошни објекти	П	40	СК	Средна
			ВКУПНО:		1738		



ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП

ОД ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП И ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

ОПШТИНА ШТИП

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ =27960,4 m² = 2,79ha

- (Б4) - Деловни и комерцијални дејности
- (Г3) - Сервиси
- Помошни објекти
- (НЗ) - Неизградено земјиште
- (Е1) - Комунална инфраструктура - асфалтен пат
- Дол

ВИД НА КОНСТРУКЦИЈА

- скелетна

СОСТОЈБА НА ГРАДБИТЕ

- добра состојба
- средна состојба


С
З И
Ј

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ,ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
„ВАНЧО ПРЌЕ“" БР 119 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

НАРАЧАТЕЛ:	ОПШТИНА ШТИП		
ПЛАН:	ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП ОД ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП И ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП	ФАЗА:	ДУП
ПРИЛОГ:	ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА	ТЕХ.БРОЈ: У-36/24	РАЗМЕР: 1:1000
ПЛАНЕРИ:	АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ д.и.а. овл. бр. 0 .0500 - НОСИТЕЛ НА ПЛАН ВЕСНА ВАСИЛЕВА д.и.а. овл. бр. 0 .0057 - планер	ПЛАНЕРСКА КУЌА:	
СОРАБОТНИЦИ:	ТАЊА ТРЕНДОВА м.и.а. - планер соработник	ЛИЦЕНЦА БРОЈ: 0089	
УПРАВИТЕЛ: д.и.а. ВЕСНА ВАСИЛЕВА		ДАТА: МАЈ, 2025	ЛИСТ БР. 03



ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП

ОД ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП И ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

ОПШТИНА ШТИП

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ =27960,4 m² = 2,79ha
- ПОСТОЕН СРЕДНОНАПОНСКИ 10(20)kV ПОДЗЕМЕН ВОД СО ЗАШТИТЕН ПОЈАС 2m
- ПОСТОЕН СН 10(20)kV НАДЗЕМЕН ВОД СО ЗАШТИТЕН ПОЈАС-20m
- ПОСТОЕН NN - НАДЗЕМЕН ВОД
- ТС ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА-ЕВН
- ПОСТОЈНИ СТОЛБОВИ 0_4kV
- ПОСТОЕН SN СТОЛБ
- ПОСТОЈНИ БАКАРНИ КОМУНИКАЦИСКИ КАБЛИ-ТЕЛЕКОМ
- ПОСТОЈНИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ- ОПТИЧКИ КАБЕЛ - ТЕЛЕКОМ
- ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА од PE65-PE110

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ,ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
„ВАНЧО ПРЌЕ“ БР 119 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

НАРАЧАТЕЛ:	ОПШТИНА ШТИП		
ПЛАН:	ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП ОД ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП И ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП	ФАЗА:	ДУП
ПРИЛОГ:	ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	ТЕХ.БРОЈ: У-36/24	РАЗМЕР: 1:1000
ПЛАНЕРИ:	АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ д.и.а. овл. бр. 0 .0500 - НОСИТЕЛ НА ПЛАН ВЕСНА ВАСИЛЕВА д.и.а. овл. бр. 0 .0057 - планер	ПЛАНЕРСКА КУЌА:	
СОРАБОТНИЦИ:	ТАЊА ТРЕНДОВА м.и.а. - планер соработник	ЛИЦЕНЦА БРОЈ: 0089	
УПРАВИТЕЛ: д.и.а. ВЕСНА ВАСИЛЕВА		ДАТА: МАЈ, 2025	ЛИСТ БР. 04

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Содржина:

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН 5

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД 5

2. ПРЕЦИЗЕН ОПИС НА ГРАНИЦАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СПОРЕД ГРАНИЦИТЕ НА КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ СО КОИ СЕ СОФПАЃА, РЕГУЛАЦИОНИ ЛИНИИ, ОСКИ НА УЛИЦИ ИЛИ ДРУГИ ЕКСПЛИЦИТНИ ЛИНЕАРНИ СИМБОЛИ НА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА 5

3. СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД РАЗВОЈНИ СТРАТЕГИИ, ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ЗАФАТ И ПРЕДСТАВУВААТ ОБВРСКИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ 6

4. ЦЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН 6

5. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО КОЈ СЕ ПОСТИГААТ ЦЕЛИТЕ НА ПЛАНОТ, СО ОСВРТ НА СИТЕ РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД ПЛАНИРАНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ РЕШЕНИЈА И ОДРЕДБИ 7

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ, ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА 8

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ 17

8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ 24

9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА 25

10. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ 32

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

1. План на намена на земјиштето и градбите со граници на површините со иста намена на земјиштето - наменските зони и графичка дефиниција на класите на намени во рамките на тие граници M=1:1000

2. Регулационен план со графичка дефиниција на граница на плански опфат, графичка дефиниција на регулационите линии што ги ограничуваат површините и коридорите на градежното земјипте за јавна употреба M=1:1000

3. План на парцелација и оформување на градежни парцели односно детална регулација со регулациони линии и граници на градежни парцели, обележување на градежните парцели и потребните плански единици на градежното земјиште, оски на сообраќајниците во коридорите на земјиштето за јавна употреба M=1:1000

4. План на површини за градење и начин на употреба на земјиштето во рамки на детална регулација со градежни линии и одредени класи на намени на градбите, максимална височина на градење изразена во метри, максимален број на спратови M=1:1000

5. Сообраќаен план со планско решение на сообраќајната мрежа, графичка дефиниција и котирање на уличните профили, елементи од проектно обликување на сообраќајниците и крстосниците M=1:1000

6. Нивелациски план со плански решенија на нивелетите на планираните сообраќајници и јавни пешачки површини M=1:1000

7. Инфраструктурен план со плански решенија на сите комунални и други инфраструктурни водови и објекти M=1:1000

8. План на зеленило со диспозиција и спецификација на зеленилото M=1:1000

9. Синтезен план M=1:1000

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

Предмет на изработка е **ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП од Изменување и дополнување на генерален урбанистички план за урбан четврт СЕ 05.02 од ГУП на град Штип и детален урбанистички план за урбан четврт СЕ 05.02 од ГУП на град Штип, Општина Штип** кој во основа е работен во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21 ,104/22, 99/23 и 07/25).

Планот се изработува за урбана четврт СЕ 05.02 во К.О. Штип 1, Општина Штип. Согласно член 22 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), Планскиот период за Детален урбанистички план изнесува пет години, согласно тоа планскиот период на ДУП-от е од 2024 до 2029 година.

2. ПРЕЦИЗЕН ОПИС НА ГРАНИЦАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СПОРЕД ГРАНИЦИТЕ НА КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ СО КОИ СЕ СОФПАЃА, РЕГУЛАЦИОНИ ЛИНИИ, ОСКИ НА УЛИЦИ ИЛИ ДРУГИ ЕКСПЛИЦИТНИ ЛИНЕАРНИ СИМБОЛИ НА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

Планскиот опфат на кој е вршена потребната анализа за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- од север граничи со граница на ДУП од ГУП на град Штип (по ГУП);
- од исток граничи со осовина на Новопланирана улица 1;
- од југ граничи со осовина на ул. “Гоце Делчев” (по ГУП);
- од запад граничи со наменска зона од ГУП на град Штип (по ГУП);

Границата на извршената анализа на планскиот опфат е дадена и во графичкиот прилог, согласно геодетки елаборат за геодетски работи за посебни намени, ажурирана геодетска подлога изработен од АЛФА-ГЕОДЕТ ПРИМА ДООЕЛ ШТИП со деловоден број 08-76/25 од 10.02.2025 година и Известување за електронска заверка во АКН со број 1110-8/2025 од 10.02.2025 година. Површина на предметниот плански опфат изнесува **2,79ха.**

3. СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД РАЗВОЈНИ СТРАТЕГИИ, ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ЗАФАТ И ПРЕДСТАВУВААТ ОБВРСКИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Параметрите, смерници и стратешки определби за **ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП** како дел кој го дефинира опфатот за разработка од **Изменување и дополнување на генерален урбанистички план за урбан четврт СЕ 05.02 од ГУП на Град Штип и детален урбанистички план за урбан четврт СЕ 05.02 од ГУП на Град Штип, Општина Штип** произлегуваат од развојни стратегии дадени во: **Генералниот урбанистички план** за град Штип, 2022 (Одлука **бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год.)** каде јасно се дефинирани специфичните услови за планирање и развој на урбан четврт СЕ 05.02.

4. ЦЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Од горенаведеното произлегуваат следните цели на изработка на Деталниот урбанистички план:

- Урбанизирање на планскиот опфат како дел од деталниот урбанистички план за кој постои одредена урбанистичка документација;
- Како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање услови за планирање на организираните простори со намени предвидени во ГУП и ДУП, во границите на градежниот опфат на општина Штип.
- Одредување на плански опфат, со програмски содржини кои треба да бидат предмет на планирањето.
- Изработка на Детален урбанистички план за урбан четврт СЕ 05.02, Општина Штип со површина на планскиот опфат од **2,79ха**
- Определување на општи и посебни смерници за изработка на Детален урбанистички план за урбан четврт СЕ 05.02, Општина Штип.
- Дадениот плански опфат и понатаму плански да се развива и усмерува според потребите на Општина Штип и иницијаторот за изработка на Детален урбанистички план, а во согласност со сите законски акти и Правилници.
- Максимално почитување на катастарски парцели и нивно вклопување во планот.
- Создавање услови за рационално користење на земјиштето;
- Планирање на површини за градење, со планирање на катност и максимална висина на објекти;
- Определување на намена на зони и градби со процент на изграденост по зони и за секоја градежна парцела засебно, како и коефициент на искористеност на истите;
- Определување на основна класа на намена со комплементарни, компатибилни и алтернативни класи на намена;
- Определување на начин на приклучување на објектите во граница на планскиот опфат со елементи на инфраструктура;
- Почитување и надградба на зеленило и пејсажните вредности;
- Подигнување на хуманоста во просторот и обезбедување на непречено движење на хендикепираните лица;
- Почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;
- Предивување мерки за заштита и спасување;

5. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО КОЈ СЕ ПОСТИГААТ ЦЕЛИТЕ НА ПЛАНОТ, СО ОСВРТ НА СИТЕ РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД ПЛАНИРАНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ РЕШЕНИЈА И ОДРЕДБИ

Изработка на Деталниот урбанистички план се базира на основите на Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), како и определбите и анализите од Генералниот урбанистички план.

Просторниот концепт на планот се задржува ист како и во важечкиот ГУП. Истиот се темели на максимално почитување на оформениот плански опфат. Исто така концепцијата на решението произлегува од потребите на инвеститорот, постојната состојба и увидот на лице место. Со предложеното решение се задржува намената предвидена во ГУП-от, особено е водена сметка за максимално почитување на катастарските парцели.

Во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), ќе се планираат сите релевантни аспекти и последици од планираните урбанистички решенија и одредби.

Предметниот простор со површина од (**2,79ха**) градежно претставува делумно неизграден простор со изградени помошни објекти. Овој опфат е градежно неизграден и нуди можности за изградба на нови објекти.

Бидејќи планската задача е со веќе однапред дефинирана цел и со дадени насоки од нарачателот на планската документација, новопланираната урбанистичка документација на планскиот опфат се планираат градежни парцели со намена заедничко групно домување, хотелски комплекси, здравствена и социјална заштита и зеленило и рекреација.

На ниво на плански опфат планираната површина припаѓа на А2 – Домување во згради, Д2 – заштитно и сообраќајно зеленило и Е1.8 – Трафостаница.

На планскиот опфат се предвидени вкупно 2 (две) градежни парцели.

За градежните парцели се предвидува користење на компатибилна класа на намена согласно Правилникот за урбанистичко планирање, освен за градежните парцели со намена Е1.8.

Потребните показатели за парцелите се дадени во графичкиот прилог и нумеричките податоци, а билансните показатели ја покажуваат реалната состојба на изграденост и интересот за идна градба во предметниот плански опфат.

За градежната парцела со намена А2 – Домување во згради предвидена е изградба на станбен комплекс со детална разработна со урбанистички проект. Дадената површина за градење во графичките прилози е рамковна додека фактичката површина за градење е одредена со процент на изграденост и е помала од рамковната површина, а нејзината дефинитивна просторна диспозиција и форма се разработува детално со урбанистички проект. Предвидениот комплекс на градби за градежната парцела со намена А2 – домување во згради е согласно член 102 став (7) од Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), односно: Комплексните градби составени од повеќе површини за градење или комплексите што содржат повеќе градби во една градежна парцела, по правило се уредуваат во две фази:

- во првата фаза тие се уредуваат во урбанистички план во кој се одредува

поголема рамковна површина за градење и се одредува процент на изграденост на земјиштето како планска одредба што квантитативно ја ограничува површината за градење која ќе се дефинира во урбанистички проект, и

- во втората фаза рамковната површина за градење се разработува во урбанистички проект во кој се одредува точната површина за градење, како и нејзината големина и форма.

Согласно чл.35 од ГУП за град Штип, ***Долж примарната сообраќајна мрежа во планската документација од пониско ниво, се дозволува по целата должина на сообраќајниците да се планираат линиски центри со намена А, односно Б, односно В, или големини кои со своите параметри не влегуваат во нумеричките показатели на четвртта на која и припаѓаат. Линиските центри треба да претставуваат логична целина со длабочина во четвртта до 30м., од обете страни на сообраќајниот коридор со можни тремови кои можат да се протегаат до границата на регулационата линија.*** **Врз основа на наведеново, за ГП 05.02.01 се предвидува линиски центар долж улицата “Гоце Делчев” каде што е предвидена изградба на објект со намена А2-Домување во зграда и за истиот нумеричките параметри не влегуваат во нумеричките показатели за четвртта. Планираниот објект во линискиот центар е предвидено да биде со катност од П+4 и развиена површина за градба од 12465м2. Остатокот од површината за градба е предвиден со катност П со развиена површина за градба од 2000м2 и истиве параметри влегуваат во нумеричките показатели на четвртта.**

Поради кофигурацијата на теренот предвидена е класа на намена Д2 – заштитно и сообраќајно зеленило, заради не можност да се предвидат површини за градба.

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ, ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

На предметниот плански опфат се предвидуваат следните основни класи на намена:

6.1. НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ			
	ПОЕДИНЕЧНА КЛАСА НА НАМЕНА	**ПОВРШИНА /м2/**	**ПРОЦЕНТ**
ЦЕЛ ОПФАТ	**А2** - Домување во зграда	8552,79	30,6%
	Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило	16979,33	60,7%
	Е1.1 - Јавни патишта со патечките градби и инсталации	2385,37	8,53%
	Е1.8 - Трансформаторска станица	42,91	0,15%
	ВКУПНО:	**27.960,40**	**100%**

- **Максимална површина за градба** (под објекти) во рамки на планскиот опфат:

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА			
ЦЕЛ ОПФАТ	Намена на објекти	Површина	Процент
	А2 - Домување во згради	4.493,00	99,7%
	Е1.8 - Трансформаторска станица	13,28	0,3%
ВКУПНО:		**4.506,28**	**100,0%**

- **Развиена површина за градба** во рамки на планскиот опфат:

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БРУТО ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА			
ЦЕЛ ОПФАТ	Намена на објекти	Површина	Процент
	А2 - Домување во згради	14.465,00	99,9%
	Е1.8 - Трансформаторска станица	13,28	0,1%
ВКУПНО:		**14.478,28**	**100,0%**

6.2. ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Врз основа на поставените нормативи, стандарди, критериуми и определби, станбениот фонд и зафатената површина на домување согласно направените анализи со ГУП на град Штип 2014- 2029, со интерполација со тренд линија за наредните десет години се доаѓа до бројка од околу 49400 жители на крајот на овој период. Меѓутоа ова се бројки кои во предвид го земаат само природниот прираст на населението во Градот Штип.

Земајќи ги предвид овие факти вкупниот број на жители на крајот од овој плански период е проценет на 58427 жители кои се земени како појдовна основа за пресметките, согласно ГУП на град Штип 2024-2034, а според пописот на населението од 2021 година, бројот на постојни жители изнесува 44 866 жители .

Домувањето и станбениот фонд зафаќаат најголем процент од територијата на градот, а со самиот пораст на населението и со промена на стандардот на домување укажува на тенденција на негов можен понатамошен пораст.

Во согласност со анализите и параметрите зададени во измени и дополна на ГУП на град Штип 2024-2034 за урбана четврт СЕ 05.02 има планирано 68 жителa. Во планскиот опфат е предвидена намена А2 – Згради за домување

• Вкупна бруто развиена површина за намена домување во згради во рамки на планскиот опфат е 14465m².

Развиена површина која влегува во нумерички показатели за четвртта е 2000м².

За класа на намена А2 - бруто површината (2000м2) се дели со 80м² (површина на еден просечен стан) и се добива бројот на станбени единици. Имајќи во предвид дека во еден просечен стан живеат приближно 2,73 жители, се добива планираниот број на жители односно: 25 стана со просечно 68 жителa.

Вкупен број на жители во планскиот опфат е предвиден да биде 68.

Бруто густина на населеност: 68 бр. на жители / 2,79 ха вкупна површина на плански опфат = 24ж/ха.

Нето густина на населеност: 68 / 1,01 ха вкупна површина по ГУП за домување = 68ж/ха.

ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА								
Основна класа на намена	**Блок**	**Површина на градежна парцела м2**	**Површина за градба м2 (која влегува во пресметки)**	**Развиена бруто површина м2 (која влегува во пресметки)**	**Број на објекти**	**Број на домаќинства**	**Број на жители**	**Густина**
А2	дел од СЕ 05.02	8552,79	2000	2000	1	25	67,5	67,5
Вкупно		**8552,79**	**2000**	**2000,00**	**1,00**	**25**	**68**	**67,5**

СПОРЕДБЕНА ТАБЕЛА					
	Блок	**Површина на опфат**	**Максимален број на жители**	**Просечен број на семејства**	**Густина**
ДУП	дел од СЕ 05.02	2,79ха	68	25	68
измена и дополна на ГУП	СЕ 05.02	18,84ха	68	25	68

6.3. КОМПЛЕМЕНТАРНИ, КОМПАТИБИЛНИ И АЛТЕРНАТИВНИ КЛАСИ НА НАМЕНА

За предметниот плански опфат на Детален урбанистички план за урбан четврт СЕ 05.02 од ГУП на град Штип, Општина Штип се планираат содржини кои согласно Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), се со основна класа на намена:

А2 – Домување во згради
Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило
Е1.8 – Трансформаторска станица

Заради флексибилност на планот, на основните намени во планот, се дава можност за добивање на комплементарни, компатибилни и алтернативни намени.

Комплементарна намена е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план.

Комплементарни намени се:

- Делови од градежни парцели и делови од градби што служат за внатрешен сообраќај и за паркирање;
- Зеленило и одредени рекреативни намени;
- Делови од парцели или градби што се неоходни за комуналните инфраструктури;
- Градби, инсталации и опрема без кои основната намена не може да се употребува согласно нејзината намена;

Компатибилни намени, класи на намени или групи на класи на намени се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста наменска зона или во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.

Компатибилните намени, класи на намени и групи на класи на намени се одредуваат според принципот на меѓусебно несметање и толеранција или функционална и просторна усогласеност за опстојување на ист или соседен простор.

Својството на компатибилност на различните дејности и активности е важно за процесот на урбанистичкото планирање и обликување на просторот, односно во просторната дистрибуција на намени, бидејќи поставувањето едни до други или едни преку други различни но компатибилни намени во урбанистичкиот план ја обезбедува динамичната просторна, функционална и структурна коегзистенција на голем број на дејности, активности и интереси на ист простор.

Во просторната дистрибуција на намените на земјиштето и градбите најважни се правилата на асоцијативност на компатибилните намени и заштитните правила на некомпатибилност, односно нормите што ти штитат ранливите намени од некомпатибилните намени што го попречуваат или деградираат употребувањето и квалитетот на првите.

Класите на намени Д1 - парковско и пејзажно зеленило, и Д2 - заштитно и сообраќајно зеленило, се по правило компатибилни со сите класи на намени.

Уредувањето на компатибилноста се врши во урбанистичките планови за секој плански опфат поединечно, во зависност од специфичностите на локалитетот, културата на живеење, историјата на планирање и градење, и тоа во случаи во коишто потребната компатибилност не е опфатена со овој правилник и помеѓу класи на намени и на начин различен од наведените во овој правилник, но согласно со начелата и принципите на компатибилност пропишани со овој правилник.

При димензионирањето на инфраструктурите во урбанистички план секогаш како референтни вредности се земаат највисоките параметри од алтернативните и компатибилните намени предвидени со планот.

За објектите во граница на планскиот опфат се дозволуваат следни компатибилни класи на намена**: Б – комерцијални и деловни намени, Д– зеленило, рекреација и меморијални простори, и В-Јавни дејности и институции.**

За намена А2 - компатибилни класи на намена се:

Б1- Мали единици за комерцијални и деловни дејности

Б2- Големи единици за трговија

Б4 – Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради

Б5 – Хотели и хотелски компкеси

В3 - Култура

В4 – Државни администрации и институции

Д3- Спорт и рекреација на зелени површини

За намените Д2 и Е1.8 не се предвидуваат компатибилни класи на намена.

Застапеност на единечна класа на намена во однос на основната изнесува **40%,** зависно од намената од вкупна површина на основна намена.

Застапеност на збир на единечни класи на намена во однос на основната изнесува **40%** од вкупна површина на основна намена.

Усогласеноста на процентуална застапеност на комплементарни и компатибилни намени во планот треба да биде во согласност со одредбите пропишани во Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21 ,104/22, 99/23 и 07/25), и почитување на одредбите дадени во Законот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25).

6.4. СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Во планскиот опфат сообраќајното решение е дефинирано со превземениот планиран сообраќај во ГУП. Со ГУП на град Штип, за предметниот плански опфат, предвидена е: градска магистрална улица од северна страна на планскиот опфат. Новопланираните сообраќајници со ДУП се во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21 ,104/22, 99/23 и 07/25).

Основниот сообраќаен систем во целиот плански опфат го сочинуваат:

Градска магистрална улица: Профил 1-1

ул. “Гоце Делчев” (превземена од ГУП)

коловоз	4x3,5m = 14 m
тротоар	2x3,5m = 7m
зеленило	1x2,0m = 2m
вкупно	**23.0 м**

Сервисна улица: Профил 2-2

Ул. “Новопланирана 1”

коловоз	2x3,0m = 6 m
тротоар	2x2,4m = 4,8m
вкупно	**10,80 м**

Во овој ДУП се барани нови економски решенија за задоволување на потребите на сообраќајот, но во рамките на сообраќајните и техничките нормативи.

Во планскиот опфат кој е предмет на изработка на овој ДУП, внесени се траси на сообраќајниците онака како што се во важечкиот ГУП а нивниот профил е усогласен со важечкиот Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

Новопланираната сервисна улица “Новопланирана 1” е предвидена да биде со максимална брзина за движење до 40км/час и соодветно на тоа е предвиден радиус на хоризонтални кривини од Р=50м.

За предметниот плански опфат потребно е да се определи начин на пресметување на неопходниот или потребниот број на паркинг места за секоја единица на градежно земјиште односно за секоја градба според нејзината намена или големина и за секоја наменска зона, и истата е планска одредба како задолжителна содржина на ДУП.

Потребниот број паркинг места ќе се утврди во зависност од специфичните потреби, локација и услови во во која спаѓаат градбите. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба;

Во зависност од конкретната намена на градбите во граница на градежните парцели во планскиот опфат на ДУП, (во зависност од стандардот на живеење, степен на моторизација, достапност на средства за јавен превоз), потребно е да се обезбедат паркинг места во сопствена градежна парцела.

Проблемот на стационарниот сообраќај ќе се решава во рамките на сопствена парцела со почитување на потребен број на паркинг места, **како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.**

Сите профили на улиците, дадени се во графичкиот прилог **Сообраќаен план.**

Целокупниот нивелациски приказ на улиците, даден е во графичкиот прилог **Нивелациски план.**

Согласно допис од ЈПДП со допис бр. 10-12815/2 од 16.12.2024 година констатирано е дека низ предметниот опфат поминува транзитниот дел од регионалниот пат Р1204 (Р-526), за кој во плановите на ЈПДП не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса. Регионалниот пат Р1204 (Р-526) не поминува низ предметниот плански опфат на ДУП-от, туку на плански опфат на измена и дополна на ГУП.

6.5. ИНФРАСТРУКТУРА

Со изработка на Детален урбанистички план за дел од урбан четврт СЕ 05.02, Општина Штип, објектите за кои се планира во планот, ќе влијаат врз димензионирањето на предвидената инфраструктура, поради што планираната инфраструктура треба да ги задоволи идните планирани површини на изградба. Основните планирани решенија на инфраструктурата се превземени од важечкиот ГУП за предметниот опфат и се прикажани во графичкиот прилог инфраструктурен план. Освен решенијата од претходниот план, при димензионирање на планирана инфраструктура, земени се во предвид и податоци добиени од надлежни институции.

6.4.1. ОСНОВНО РЕШЕНИЕ НА ЕЛЕКТРО ИНСТАЛАЦИЈА

Согласно допис бр. 10-23/4-591 од 27.11.2024, Друштво за дистрибуција и снабдување на електрична енергија Електродистрибуција дооел Скопје, **на предметниот плански опфат има постоечки електроенергетски мрежи во сопственост на ЕВН**. Евидентирани се: 110(35)кВ трафостаница, 35кВ подземна мрежа,

10(20)/0.4кВ трафостаница, 10(20)кВ подземна и надземна мрежа, 0,4кВ подземна и надземна мрежа.

Се предвидува каблирање на сите надземни водови, со планирање на заштитен појас во широчина од 2 метри, по еден метар од осовината на водот. Во случај на потреба за дислокација на водови од градежни парцели, истото ќе биде во договор со надлежната институција која стопанисува со нив.

Сите активности за задоволување на потребите од проширување на енергетските карактеристики на објектите во рамките на планскиот опфат се во надлежност на од **ЕВН – Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје**.

За пресметка на потребите за електрична моќност се земаат следните вредности за:

- домување 1kW/жител

Вкупната едновремената ел. снага изнесува:

Pen1 =500 корисници
Домување: 1kW Pen1 =500kW

Pen = Pen1 **Pen = 500kW**

η_{tr} = Pen / S_{tr} = 500 / 1000 x 0,75 =0,37 = 1 трафостаница

Во планскиот опфат се планира 1 (една) нова трафостаница во засебна градежна парцела.

6.4.2. ТЕЛЕКОМУНИЦАСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Според техничките нормативи за одредување на вкупниот број на телефонски приклучоци - **на секоја субјект или станбена единица и припаѓа еден телефонски приклучок**. За овој плански опфат изведено е приклучување на постоечките објекти, кои се обезбедени со комплетна телефонска мрежа која ги задоволува потребите на објектите. Телефонската инсталација треба да ги задоволува критериумите за урбана градска средина. Сите идни планирања и развој на телефонската инсталацијата, треба да се планира и изведе со издадена согласност од **А.Д. Македонски телекомуникации Штип.**

6.4.3. ВОДОВОДНА МРЕЖА

Согласно постојните важечки прописи за проектирање на комунална инфраструктура, изработени се основни решенија на ваков вид на објекти, усогласени со постојната инфраструктурна мрежа, како и со предвидената водоводна инфраструктура, согласно главните проекти за изградба на идна водоводна мрежа на град Штип..

Сите понатамошни активности, изборот на нов приклучокот, големина на инфраструктурата, треба да биде во согласност со **ЈП Исар – Штип.**

Местоположбата на водовите од водоводната мрежа се предвидува да биде под тротоарите.

Истите се прикажани во графичкиот прилог Инфраструктурен план. Димензиите на профилите на водоводните цевки се добиваат со хидраулична пресметка, со познати потрошувачи на вода.

Хидротехничка пресметка за водоснабдување појдовни параметри

N_k – корисник = 500

Q_0 – водоснабдителна норма – 250 l/ден

a_1 – коефициент на дневна нерамномерност=1,3

a_2 – коефициент на часовна нерамномерност=1,5

- средна дневна потрошувачка на вода – $Q_{сред/ден}$

$Q_{сред/ден} = N_k \times Q_0$

$125m^3/ден$

$Q_{sred/ден} = Q_{сред/ден} /86\ 400=228750/86400=264\ l/sec$

- максимална дневна потрошувачка на вода – $Q_{max/дневна}$

$Q_{max/дневна} = a_1 \times Q_{сред/ден}$

$Q_{max/дневна} = 1,3\ x\ 125000 = 162500\ l/ден$

$q_{max/ден} = Q_{max/ден} /86\ 400=162500/86400=1,88\ l/sec$

- максимална часова потрошувачка на вода – $Q_{max/час}$

$Q_{max\ час} = \frac{Q max/дневна}{24} x a_2 = Q = \frac{162500}{24} x 1,5\ 10156$

$q_{max/час} = Q_{max/час} /3600/3600=10156/3600=2,82\ l/sec$

- потребно количество на вода за гасење на пожар – $q_{довод/пож}$

t – времетраење на работа на довод – 24h

t_p – времетраење на пожар – 2h

n – број на истовремени пожари – 1

qпожар

$q_{довод/пож} = \frac{Q max/дневна}{t x 3600} x \frac{n x t p x q пожар}{24 x 3600}$

$q_{довод/пож} = \frac{162500}{86400} x \frac{1x2x5}{86400} = 1,88+0,83=2.71 l/s$

- вкупно количество на вода кое оди во водоснабдителниот систем:

$Q = q_{max} + q_{довод/пож}$

$Q = 2,82 + 2.71 = 5.53\ l/s$

6.4.4. ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

Местоположбата на канализационите водови е предвидена да биде под сообраќајниците, со длабина која ќе овозможи нормално опслужување на корисниците. Постоечките водови кои поминуваат низ градежни парцели се предвидуваат да се дислоцираат и постават под сообраќајници. Димензиите на канализационите цевки, со точни отпадни количини на отпадни води ќе се дадат со разработка на ДУП, во проектната документација во зависност од намени, големина на објекти како и технолошките процеси кои ќе се изведуваат.

Исто така треба да се извршат пресметки со кои пресметки ќе се добијат наклони на канализационите цевки.

Отпадна количина на вода

- N_k – краен број на корисници =500
- Q_0 – водоснабдителна норма 250l/ден/жител
- K_1 – коефициент на часовна нерамномерност=1.6
- K_2 – коефициент на дневна нерамномерност=2

$$q = N_k \times Q_0 \times K_1 \times K_2 = 500\text{x}250\text{x}1{,}6\text{x}2 = 402256$$

$$q_{14} = \frac{q}{14\text{x}3600} = \frac{402256}{50400} = 7.98\ l/sec$$

Инфилтрирана подземна вода по стручна литература 25-30%

$q_{инф} = q_{14} \times 0{,}3 = 7.98 \times 0{,}3 = 2.39 l/s$

Вкупна отпадна фекална вода

$$q_{вкупно} = q_{14} + q_{инф}$$
$$q_{вкупно} = 7.98 + 2.39 = 10.37\ l/s$$

специфичен проток – ξ

$$\xi = q_{вкупн} / \Sigma F = 10.37/2{,}80 = 3.70\ l/s/ha$$

ΣF – вкупна површина што се одводнува = 2,80ха

6.4.5. АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Местоположбата на атмосферската канализација е предвидена да биде под сообраќајниците. Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, во зависност од сливната површина, интензитетот на дождовите и отечниот коефициент.

Отпадните атмосферски води од планскиот опфат од кровните површини на објектите, од површините на улиците, од зелените површини ќе бидат прифатени и евакуирани во атмосферска канализација.

6.4.6. УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО

Во секоја градежна парцела да се предвиди зеленило и застапеност на зеленилото во граница на една градежна парцела треба да изнесува мин. 20% од вкупната површина на градежната парцела, согласно Закон за урбано зеленило (Сл. весник на РМ 11/18 и Сл. весник на РСМ 42/20).

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

7.1. ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА СЕ СОСТАВЕН ДЕЛ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

7.2. Со овие услови за изградба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите од Генералниот урбанистички план и конкретните решенија во ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП.

7.3. Се објаснуваат некои ставови за правилно спроведување на текстуалниот и графичкиот дел на планот, и се утврдуваат глобални смерници за изработка на плановите од понизок ред.

7.4. Во графичките прилози дадена е максимална висина на градба, која претставува планска одредба со која во урбанистички план се утврдува најголемата дозволена височина на градбата.

- Како висина на вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри
- на вертикална рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри
- Како висината на највисока кота на градбата, кој се мери на највисокиот дел од затворениот габарит на градбата (од првостепена пластика) односно на највисока кота на покривот или слемето на кровот доколку се работи за кос кров, изразена во метри.
- Максималната висина на градбите покрај определување во должни метри, може да се дополнува и со бројот на катови или етажи.
- Поткровје или потпокривен спрат што во урбанистички план се планира како изградена површина чијашто намена е еднаква на намената на градбата, не се обележува во урбанистички планови и урбанистички проект посебно – како поткровје, туку како кат што влегува во бројот на вкупно одредените катови на градбата

7.5. Максимална височина на градбата се изразува како вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразена во должни метри, или вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и највисоката кота на градбата изразена во должни метри.

- Горен или завршен венец на градбата е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот завршен ѕид од градбата поставен на градежна линија од страна на лицето на градежната парцела.
- Максималната висина на изградба може да се формулира како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектната документација се докаже дека се исполнети условите за постигнување на максималната висина за изградба дефинирана со овој план.
- Максимална височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап.
- Доколку тротоарот односно теренот долж лицето на парцелата е во наклон, максималната височина се одредува во однос на кота на тротоарот што се наоѓа во средината на страната на градбата долж наклонот на теренот.

7.6. Максимална височина на нулта плоча во однос на теренот - апсолутна кота на тотоарот е 1.20м. Минималната височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот е 0.15м.

7.7. Висината на кровот се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во метри. Височина на слеме е планска одредба која се уредува во урбанистички план како височински услов за градење на ниво на наменска зона, уличен фронт, блок или плански опфат односно градежна парцела, но само доколку максималната височина на градење е уредена како височина до горен венец на градбата.

Височина на слеме на кровот на градбата може да се употреби како релативна кота која се мери од котата на горниот венец на градбата и ја претставува висината на кровната конструкција и покривот.

Височина на слеме може да се употребува како планска одредба во урбанистички план и како единствена височинска планска одредба односно како максимална височина на градење или како највисока кота од градбата.

Слеме е највисока точка на кровната конструкција или највисока хоризонтална линија на пресекот на рамнините што го формираат покривот или доколку се работи за едноводен кров тоа е линија на пресекот на наклонетата рамнина на кровот и вертикалната рамнина на фасадата на градбата.

Кога височината се одредува со параметарот височина на горниот венец, височината на слеме се одредува и мери од котата на горниот венец на градбата, а кога височината се одредува само со височината на слеме, таа се мери од котата на тротоарот или од пристапната или заштитната патека до градбата.

Доколку во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се уредува потпокривен корисен простор, тој се третира рамноправно со другите спратови на градбата и се обележува и пресметува во постапката за спроведување на планот како регуларна спратна површина.

Во урбанистички план не се планира и обележува потпокривен простор како посебен вид на кат односно поткровје, туку како регуларен кат.

Во дозволената височина на слемето можно е формирање на повеќе типови на покриви од кои најчести се косите, рамните и мансардните покриви

Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите што се уредува со урбанистички план на ниво на плански опфат, блок или поединечна градежна парцела и тоа:

- кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите

техничко-технолошки инсталации, и

- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обsидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот

7.8. Во максимална висина на градба, за објекти од планскиот опфат, дадни се катни висини од: П и П+4 ката

7.9. Диспозиција на површина за градење во градежна парцела и нејзино растојание од граница на градежна парцела зависат од типот на градење, односно од начинот на групирање на градбите во блокот.

Растојанијата помеѓу површини за градење во градежни парцели што се поставени лице в лице од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на коридорот или од меѓусебното растојание, височината на градбите од двете негови страни и видот на отворите на фасадите ориентирани кон коридорот, при што:

- на коридор дефиниран со две регулациони линии што се на меѓусебно растојание од 3,00 – 6,00 м површините за градење што се допираат со регулационата линија можат да бидат слепи sидови без отвори или да имаат само помошни отвори со парапет над 1,60 м, додека регуларни отвори со парапети под 1,60 м можат да имаат градбите чиишто површини за градење се оддалечени од регулационите линии најмалку 3,00 м,
- на коридор дефиниран со меѓусебното растојание на градбите од двете страни на коридорот кое изнесува од 6,00 – 16,00 м страните од градбите што се ориентирани кон коридорот можат да бидат со регуларни отвори со парапети под 1,60 м но со висина на градбите што не е поголема од широчината на коридорот,
- висините на градбите во градежни парцели што се поставени лице в лице од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на просторниот коридор дефинирана како меѓусебно растојание на градбите од двете страни на коридорот, кои по правило изнесуваат најмногу до широчината на коридорот во приградски и периферни четврти на населеното место (В = Ш) и до две широчини на коридорот во централните четврти од населено место (В = 2Ш) за коридори поширoки од 18,00 м.

7.10. Градежната линија ја означува ганицата на површината за градење. Градежна линија е планска одредба со која во урбанистички план и урбанистички проект се уредува границата во градежната парцела до која е дозволеното простирање на планираната градба односно ја дефинира просторната диспозиција на површината за градење во градежната парцела, а со тоа и просторната диспозиција на идната градба.

7.11. Градежна линија се спроведува со можни и дозволени пречекорувања на издадените елементи од архитектонска пластика на градбите:

Во урбанистички план може да се предвидува дозволено пречекорување на градежната линија на првостепената и второстепената архитектонска пластика само над приземниот кат на градбата, додека помеѓу теренот и првиот кат може да се предвидуваат пречекорувања само со одредени елементи од третостепената архитектонска пластика, кога за тоа постојат услови и не повеќе од 0,30 м.

Пречекорувања на градежна линија во наведениот случај ќе се регулира согласно:

- Конкретните градежни линии се дадени во графичкиот дел од планот и истите треба да се почитуваат ако со тоа не се нарушуваат другите параметри.
- Доколку градежната линија не се совпаѓа со регулационата линија, се дозволуваат пречекорувања: кога растојание помеѓу градежната линија и регулациона линија е 1,20м не се дозволуваат пречекорувања на градежната линија, а доколку растојанието на градежната линија и регулациона линија е поголемо од 1,20м дозволените издадени делови не можат да бидат на растојание од регулациона линија што е помало од 1.20м
- Доколку градежната линија е кон дното на градежната парцела дозволените пречекорувања имаат поголема амплитуда на вредности кои се уредуваат во урбанистички план во зависност од околностите за секој плански опфат, четврт или блок,

а доколку растојанието помеѓу соседните површини за градење кон дната на парцелите е помало од 8,00 м пречекорувањата не се дозволени.

- При планирање на површини за градење со меѓусебни растојанија кои кон страните и дното на парцелата се поголеми од 16,00 м, по правило нема стандардизирани ограничувања за употребата на архитектонската пластика, при што во случаи кога има за тоа потреба овие ограничувања се уредуваат во општите услови за градење во урбанистичкиот план.

- Пречекорувања на градежната линија не треба да излезат надвор од градежната парцела на било која височина над теренот.

Максимален процент кој што може да го зафати архитектонска пластика од вкупната површина на фасадата е 80%.

7.12. Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се одредува површина од градежно земјиште односно делот од градежна парцела кој се предвидува за градење на градба.

Површина за градење е дел од градежната парцела ограничен со градежна линија.

Површината за градење е дефинирана во рамки на една градежна парцела и не може да се протега без прекин низ две или повеќе соседни градежни парцели.

Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба.

Доколку во урбанистички план утврдената површина за градење во една градежна парцела не ја опфаќа постојната градба во парцелата, искористувањето на правото на градење на планираната градба е условено со рушење и отстранување на постојната градба.

Доколку површината за градење опфаќа повеќе од 50% од површината на основата на приземниот спрат на постојната градба во парцелата, и доколку вклопувањето на постојната градба во новопланираната градба е можно и пожелно, во урбанистичкиот план може искористувањето на правото за градење да не е условено со рушење и отстранување на постојната градба.

7.13. Површина за градење како планска одредба во ДУП ќе се употребува на следниов начин:

- Во урбани подрачја со густа градба површината за градење е вообичаено целосно искористена за градење така што соодветствува со површината на основата на планираната градба,

- При планирање на површини за градење за групата на класи на намени А во урбанистички план квалитетот на домувањето на идните градби зависи од длабочината на површината за градење која го одредува степенот на природна осветленост и проветреност на становите, поради што:

- најквалитетно домување се постигнува во градби со двострано ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока од 9,00 до 12,00 м,

- помалку квалитетно домување се постигнува во градби со двострано ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока од 12,00 до 14,00 м,

- домување од уште понизок квалитет се постигнува во градби со едностранo ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока од 14,00 до 18,00 м,

- домување од неприфатливо низок квалитет се постигнува во градби со едностранo ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока над 18,00 м.

7.14. Диспозиција на површина за градење во градежната парцела и нејзино растојание од границите на градежната парцела зависат од типот на градење, односно од начинот на групирање на градбите.

7.15. Се предвидува линија на линиски центар 30м од регулациона линија на ул. “Гоце Делчев”. Предвидената површина за градење во зоната на линискиот центар не влегува во нумеричките показатели за четвртта согласно ГУП. Од вкупна бруто развиена површина за градба 12465м2 влегуваат во линискиот центар.

7.16. Оградите на парцелите да бидат усогласени со архитектурата на објектите. Оградата

може да има максимална висина од 2,40 метри, со можност за ѕидан дел со висина од мах. 1.80 метри може да биде полна, а над таа висина транспарентна.

7.17. Оградите се поставуваат во рамки на земјиштето од градежната парцела што се оградува, додека вратите и капиите, од уличните огради на градежните парцели не смеат да се отвараат вон регулационата линија односно кон надвор.

7.18. Процент на изграденост на земјиштето, (Р), е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежно земјиште е зафатен со градба. Процент на изграденост на земјиште се пресметува како однос помеѓу површината за градење и вкупната површина на градежното земјиште. Кога се пресметува за градежна парцела, се зема површината зафатена со градба и површина на градежна парцела. Процент на изграденост во планост изнесува **Р=52%.**

7.19. Коефициент на искористеност (К), на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежно земјиште. Планираниот коефициент на искористеност на земјиштето во урбанистички план се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште. Коефициент на искористеност во планот изнесува **К=1,68.**

7.20. Бројот на потребните паркинг и гаражни места и димензионирањето на истите се пресметува споредадените нормативи:

Најмало паркинг место за паркирање на лесни возила за јавни паркинг простори и за сите намени, е со широчина од 2,50 м и должина 5,00 м, освен згради за домување до 10 стана, при што во оваа површина не може да навлегува ниту еден дел од градбата, опремата или инсталациите.

Паркинг местата од ставот кај кои од едната или обете подолжни страни има ѕид, столб или друг вертикален градежен елемент, ограда или опрема, се прошируваат за 0,30 м од страната на вертикалниот градежен елемент, при што кога градежниот елемент е од едната страна паркинг местото се проширува за 0,30 м, додека ако градежен елемент има од двете страни на паркинг местото, тоа се проширува за уште 0,20 м. Ова важи доколку градежните елементи се наоѓаат во првата половина од длабочината на паркинг местото (2,50 м од пристапната површина кон паркингот), а доколку градежните елементи се во зоната на втората половина од длабочината, најмалите димензии на паркинг местото остануваат.

Димензиите на паркинг местото важат за паркирање под агол од 90 степени и тоа доколку широчината на пристапната комуникација до паркинг местото е поголема од 6,00 м. Доколку пристапната комуникација е широка од 5,60 до 6,00 м, паркинг местото се проширува за 0,30 м и изнесува 2,80 м.

Минималната широчина на комуникацијата за пристап до паркинг место за паркирање под агол од 90 степени е 5,60 м.

Минимални димензии на паркинг место за градежни парцели наменети за домување во градби до 10 стана е 2,40 м со 4,80 м, додека најмала широчина на пристапната комуникација до паркинг местото е 4,80 м, но овие две најмали вредности за широчина на паркинг местото и за пристапната комуникација не можат да се предвидуваат заедно истовремено за исто паркиралиште, туку употребата на едната минимална вредност повлекува употреба на поголема вредност на другата.

Минимални димензии за гаража за лесни возила е 3,00 м широчина и 6,00 м длабочина, сметајќи го светлиот простор помеѓу ѕидовите.

Површината за паркирање со пристап на едно патничко моторно возило со 4+1 седишта треба да изнесува од 25 до 35 м^2.

Површината за паркирање на велосипед треба да изнесува од 1,10 до 1,50 м^2.

Минималните димензии се применуваат при пресметувањето на потребниот број на паркинг места во процесот на изработување и спроведување на урбанистички план и урбанистички проект.

Начин за пресметување на потребниот број на паркинг места во градежни парцели:

А2 – Домување во згради

зависи од стандардот на живеење, степенот на моторизација во населеното место или во конкретната четврт, достапноста до средства на јавниот транспорт, опременоста со комунална сообраќајна инфраструктура и други чинители, но најмалку 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4, најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8 итн,

Минималниот број на паркинг места за велосипеди за планираните намени на земјиштето и градбите се определува на следниот начин:

за намена **А2 – Домување во згради** - За станбени згради од класата на намени А2 препорачано е најмалку едно паркинг место за велосипеди по станбена единица (стан), но потребниот број на паркинг места се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичани, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања.

При планирањето на паркиралишта во урбанистички планови се предвидува потребен број на паркинг места за посетителите и корисниците на градбите од планскиот опфат, кој зависно од степенот на моторизација и начинот на доминантната употреба односно намена на просторната единица изнесува од 10 - 30% од вкупно пресметаниот број на потребни паркинг места што се предвидуваат во рамки на градежните парцели, а кои се планираат на земјиште за општа употреба или на градежни парцели наменети за паркирање со намена Е1.1 односно Е2.1 чијашто реализација единицата за локална самоуправа ја врши во рамки на програмата за уредување на градежното земјиште. Потребниот број на паркинг места ќе се утврди со планска документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во која спаѓаат градбите.

7.21. Проблемот на стационарниот сообраќај ќе се решава во рамките на сопствената градежна парцела со почитување на потребниот број на паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.

7.22. Улиците во планскиот опфат спаѓаат во примарна и секундарна улична мрежа на улици и тоа:

- градска магистрална улица – примарна улична мрежа
- сервисни улици – секундарна улична мрежа

Во секундарната мрежа на улици спаѓа и следната некатегоризирана сообраќајна инфрастурктура:

- нужни и службени пристапи,

7.22.1 Во урбанистичкиот план се утврдуваат сите промени на попречниот профил на улицата.

Широчината на сообраќајната лента зависи од категоријата на улицата и планираната пропусна моќ, и нејзината минимална и максимална широчина изнесуваат за:

- градска магистрала 3,00 – 3,50 м
- сервисна улица 3,00 - 3,25 м

Во деталниот урбанистички план е предвидено сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела.

7.23. Во предметниот ДУП, потребно е да се обезбедат и уредат системи на зелени инфраструктури во граница на планскиот опфат. Видови и категоризација на зелена урбана која се предвидува се Зелени површини со ограничена намена и тоа дворно зеленило.

7.24. Согласно Закон за зеленило, во граница на секоја градежна парцела е потребно да се обезбеди мин 20% зеленило.

7.25. За непречено движење на лица со посебни потреби, потребно е да се преземат мерки за спречување на бариери во урбаниот простор.
7.26. Однесување на ѓубре ќе биде преку контејнери поставени во посебно изградени боксови предвидени во слободниот простор околу објектите, на места погодни да се дојде со возила за транспорт на истите.
7.27. Доколку при реализација на планот дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјална култура на Р.М. треба да се постапи согласно со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. Весник на Р.М. бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/11, 137/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15 192/15, 39/16, 11/1820/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).
7.28. Режим на употреба на води во планскиот опфат, начин на испуштање на отпадни материи и загадени води, мора да биде под строга контрола и во согласност со концепт на одржлив развој.
7.29. При изградба на објекти потребно е да се обезбедени заштитни безбедоносни растојанија од инфраструктурни објекти и водови (водоводна инфраструктура, фекална и атмосферска канализација) исто така, инвеститор при градба, треба да се обезбеди непречен пристап при интервенција за отклонување на дефект.
7.30. Доколку под новопроектираните објекти (во дадениот плански опфат), поминуваат водови на подземна водоводна инфраструктура, фекална канализација, кои се во функција) а истите представуваат пречка за градба, потребно е истата да се дислоцира на сметка на инвеститор.
7.31. Доколку под новопроектираните објекти (во дадениот плански опфат), поминуваат водови на подземна електрична мрежа, кои се во функција, а се јави потреба да се дислоцираат, истото ќе биде во договор со надлежната институција која стопанисува со нив.

Се предвидува каблирање на сите надземни водови, со планирање на заштитен појас во широчина од 2 метри, по еден метар од осовината на водот.
7.32. Доколку под новопроектираните објекти (во дадениот плански опфат), поминуваат водови на подземни интернет и телекомуникациоски водови, кои се во функција, а представуваат пречка во градење, потребно е истата да се дислоцираат во договор со надлежна институција.
7.33. Подземна градежна линија ја означува границата на градењето под котата на теренот кога таа не се совпаѓа со градежната линија, како и градбите што се планираат да се градат целосно под котата на теренот, во површина не поголема од 80% од површина на градежна парцела.
7.34. За градежната парцела со намена А2 – Домување во згради предвидена е изградба на станбен комплекс со детална разработна со урбанистички проект. Дадената површина за градење во графичките прилози е рамковна додека фактичката површина за градење е одредена со процент на изграденост и е помала од рамковната површина, а нејзината дефинитивна просторна диспозиција и форма се разработува детално со урбанистички проект. Комплексните градби составени од повеќе површини за градење или комплексите што содржат повеќе градби во една градежна парцела, по правило се уредуваат во две фази:
- во првата фаза тие се уредуваат во урбанистички план во кој се одредува поголема рамковна површина за градење и се одредува процент на изграденост на земјиштето како планска одредба што квантитативно ја ограничува површината за градење која ќе се дефинира во урбанистички проект, и
- во втората фаза рамковната површина за градење се разработува во урбанистички проект во кој се одредува точната површина за градење, како и нејзината големина и форма.

7.35. Плански опфат се наоѓа во заштитна зона на спортскиот аеродром Штип, на цца 2433м ЈИ од референтна точка на аеродромот, во рамки на т.н. хоризонтална и дел од конусна рамнина за ограничување на препреки, односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедност на воздушниот сообраќај.

Имајќи го предвид претходното, а согласно член 88 од Законот за воздухопловство (Сл. весник на РСМ бр. 14/24), потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се запази/вметне следната одредба:

- Максималната височина на било кој објект или надземна структура во опфатот да не ги надминува максимално дозволените елевации дадени во прилог.

Доколку во опфатот се планира изградба на објект/и со елевација над претходно наведената, или изградба/поставување на издвоени антенски столбови или оџаци со височина поголема од 30м. и/или други објекти со височина поголема од 100м., потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство да се достави проектната документација (пред узвојување) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно чл. 80 став (1) и (2) од Законот за воздухопловство.

8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

8.1. Предметниот планскиот опфат зафаќа површина од **2,79ха**

8.2. Во планскиот опфат се предвидува изградба на објекти со намена:

- **А2 – Домување во згради**
- **Е1.8 – Трансформаторски станици**

8.3. Покрај основната класа на намена, за сите парцели во планскиот опфат со основна класа на намена се предвидуваат компатибилни класи на намена со максимален процент на учество на единечната класа на намена во однос на основната намена до 40%:
Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во планот во однос на основната класа на намена во пл**анот е: Б1, Б2, Б4, Б5, В3, В4, Д3 е 40%,** определено за секоја градежна парцела засебно.
Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната намена во планот **е 40%.**

8.4. Посебни услови за сите градежни парцели во планскит опфат:

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 05.02.01

- Намена – А2 – Домување во згради
- Површина на парцела 8552,79m2
- Рамковна површина на градба – 7327,95m2
- Површина за градба –4493,0m2
- Површина за градба на линиски центар – 2493,0м2
- Површина за градба на остаток од површината – 2000,0м2
- Развиена површина за градба – 35921,69m2
- Развиена површина за градба на линиски центар – 12465,0м2
- Развиена површина на остаток од површината – 2000,0м2
- Процент на изграденост – 53%
- Фактичката површина за градење се одредува со процент на изграденост и таа секогаш е помала од рамковната површина, а нејзина дефинитивна просторна диспозиција и форма се разработува детално со урбанистички проект.

- Коефициент на искористеност – 1,69
- Висина на венец–H=4,6m/ 17,0m,
- Катна висина – П/П+4,
- Компатибилна класа на намена: Б1, Б2, Б4, Б5, В3, В4, Д3
- Макс. учество на единечна класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е – Б1-40%, Б2-40%, Б4-40%, Б5-40%, В3-40%, В4-40%, Д3-40%
- Макс. учество на збир на компатибилни класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е – 40%
- Висина на кровна конструкција – мах. 4,50 м.
- Тип на кров - кос, рамен, мансарден
- Кота на нулта плоча - max 1.2m
- Место на паркирање - во парцела
- Влез во парцела – од ул. “Новопланирана 1”
- Потребниот број паркинг места ќе се утврди во зависност од специфичните потреби, локација и услови во во која спаѓаат градбите. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максималнодозволената висина и површина за градба. Предвидено е паркирање во сопствена градежна парцела.

- најмалку 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4, најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8 итн,
- при планирањето на паркиралишта во урбанистички планови се предвидува потребен број на паркинг места за посетителите и корисниците на градбите од планскиот опфат, кој зависно од степенот на моторизација и начинот на доминантната употреба односно намена на просторната единица изнесува од 10 – 30% од вкупно пресметаниот број на потребни паркинг места што се предвидуваат во рамки на градежните парцели, а кои се планираат на земјиште за општа употреба или на градежни парцели наменети за паркирање со намена Е1.1 односно Е2.1 чијашто реализација единицата за локална самоуправа ја врши во рамки на програмата за уредување на градежното земјиште.

- Се дозволува подземна градба, во било кој дел од градежната парцела но во површина не поголема од 80% од површина на градежна парцела.
- Дозволени пречекорувања ќе бидат по цела должина и широчина на објектот, но не повеќе од 80% од вкупната површина на фасада.
- Потребно е да се обезбеди мин. 20% зеленило во градежната парцела.
- Кон ул. “Гоце Делчев” се планира изградба на линиски центар од 30м чиишто нумерички показатели не влегуваат во нумерички показатели за четвртта.
- Детална разработка на градежната парцела да се изработи со урбанистички проект.

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 2

- Намена – Е1.8 – Трансформаторска станица
- Површина на парцела – 42,91m2
- Површина за градба - 13,28m2
- Развиена површина за градба – 13,28m2
- Процент на изграденост - 31%
- Коефициент на искористеност – 0,31
- Висина на венец–H= 4,5 m,
- Катна висина – П,
- Компатибилна класа на намена: /
- Висина на кровна конструкција – мах. 4,50 м.
- Тип на кров - кос, рамен, мансарден

- Кота на нулта плоча - max 1.2m
- Место на паркирање - во парцела
- Влез во парцела - од ул."Новопланирана 1"
- Се дозволува подземна градба, во било кој дел од градежната парцела но во површина не поголема од 80% од површина на градежна парцела.
- Потребно е да се обезбеди мин. 20% зеленило во градежната парцела.

9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

9.1. Мерки за заштита и специфични услови и уредување на плански опфати

Планскиот опфат на Детален урбанистички план за урбан четврт СЕ 05.02 од ГУП на град Штип, Општина Штип, зафаќа површина од 2,79ха.

Во него се застапени површини со основна намени **А2, Д2, Е1** во граници и нормативи кои се дадени во важечкиот Правилник.

При планирањето се почитувани сите нормативи дадени во Законот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21 ,104/22, 99/23 и 07/25).

9.2. Мерки за заштита на животната средина и природата

Право и должност на Република Македонија и секоја Општина во неа, како и на сите правни и физички лица, е да обезбедат услови за здрава животна средина заради остварување на човекови права на здрава и чиста животна средина, регулирани и пропишани со **Закон за животна средина** (Службен весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22 и 171/22).

Во рамките на планскиот опфат се предвидуваат површини за домување и комерцијални и деловни намени, со можност за компатибилни класи на намена, согласно законската регулатива, како и сообраќајни површини.

Секој корисник на овој плански опфат е должен при преземање на активности или вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на природата и животната средина.

Кај постоечките и новопредвидените површини за градба, нема да има позначајни загадувачи на човековата околина. Единственото загадување може да дојде од сообраќајот и затоплувањето на објектите.

На подрачјето на планскиот опфат може да се изврши поделба на основните групи на загадување, со дадени основни смерници и мерки на заштита на истите:

- **ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ ОД ГРЕЈНИ ТЕЛА (ОГРЕВ)**
- **Загадување на воздухот од моторни возила**

9.3. Заштита на воздухот

За аерозагадување може да се зборува доколку една или повеќе загадувачки материи се во таква количина и толку долго во воздухот што стануваат штетни за луѓето, животните и растенијата.

Минимално аерозагадување ќе се јави во грејните сезони кога се испуштаат

отпадни материи од оџаците на објектите.

Со сигурност не може да се одреди реалниот ефект и последици по средината, односно санитарната состојба на воздухот. Врз основа на карактерот на површини за градба, се оценува дека квалитетот на воздухот релативно задоволува и дека не постои изразено загадување со штетни материи на воздухот на предметната територија.

Мерки и заштита од аерозагадување и зачувување на квалитетот на воздухот вградени во планот се:

- Обезбедени се услови за ефикасно природно проветрување;
- Подобрена е состојбата на зелени површини со правилен распоред, создавање на поврзан систем на зелени површини на локацијата;
- Потребна е постојана контрола на загадувачите на атмосферата;
